НАТО ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЛЕТАЧКА ОБУКА | ВОЕНА ДИСЦИПЛИНА | АНТИМАТЕРИЈАЛНА ПУШКА „BARRETT M82A1“ | „KAWANISHI N1K2-J“

# ШТИТ

Број 162
април 2023

ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



## ЖЕНИТЕ ВО АРМИЈАТА

### Ефективен и ефикасен систем за постигнување родова еднаквост и родова перспектива во одбраната



# Одбележан Денот специјал

Припадниците на Баталјонот на специјални сили, со воена церемонија во касарната „Илинден“ го одбележаа 1 Март – Денот на единицата, кој го прославуваат во спомен на денот кога во 1994 година е формирана првата специјална единица во Армијата, која е воедно и првата професионална единица.

Баталјонот на специјални сили во досегашното 29-годишно постоење се потврдува како најелитен армиски состав, кој предводи во обученоста и оспособеноста, отсликувајќи ја подготвеноста на Армијата. Како прв професионален состав, секогаш кога е потребно ја покажуваше својата обученост, во активности каде што е потребно пронаоѓање и спасување на човечки животи, на пример како што беше случајот на скорешното ангажирање во хуманитарната операција во Република Туркије, но и многупати претходно.

На свеченото одбележување на Денот на Баталјонот на специјални сили на припадниците им се обрати началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, кој честитајќи го Денот на Баталјонот, истакна дека визијата која беше трасирана при формирањето на оваа единица за создавање на мала, мобилна, но респектабилна и препознаена единица во регионот, во целост е остварена. На припадниците на Баталјонот им порача да бидат горди затоа што овој баталјон по својата






# т на Баталјонот на лни сили

посветеност и врвна обученост, во општеството е препознаен како најдоброто од Армијата.
„Пожртвуваното ангажирање во неодамнешната хуманитарна операција го покажа капацитетот и професионалноста на оваа единица“, истакна генералот Ѓурчиновски.
Командантот на Баталјонот на специјалните сили, потполковник Оливер Зариовски, во своето обраќање во име на сите припадници на единицата порача дека оваа единица во своето 29-годишно постоење никогаш не поставувала граници на своите можности, притоа потврдувајќи го мотото на единицата: „Секогаш и секаде први“, кое е синоним на подготвеноста не само безрезервно да се брани татковината, туку и достојно да се претстави и да се даде поддршка и помош секаде каде што тоа е потребно.
По повод Денот на Баталјонот се доделија стимулативни мерки на припадници на Баталјонот кои постигнале особени резултати во работата во изминатиот период, меѓу кои беа и 58-те припадници од оваа единица, ангажирани во неодамнешната хуманитарна операција во Туркије.
На свеченоста присуствуваа и државниот секретар во Министерството за одбрана, Владимир Анчев, генералите во Армијата, команданти на единиците и претставници од Министерството за внатрешни работи.

Кристина Илиевска

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Никола Митровски, потполковник
Лилјана Петреска,потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Блажеска, полковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Рецепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Европа 92 ДООЕЛ Кочани“




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит





14
**Зајакнување на одбранбената и безбедносната компонента на ЕУ**

16
**Втора и трета генерација на мировни операции**

# содржина

ШТИТ | година XV | број 162 | април 2023

Инфо
**Создаваме систем на родова еднаквост кој е инклузивен, разновиден, ефективен и ефикасен**............ 8

НАТО активности
**НАТО иницијатива за летачка обука**............ 10

На прва линија
**Значењето на безбедноста на класифицираните информации во одбраната и Армијата (2)**............ 12

Глобал
**Зајакнување на одбранбената и безбедносната компонента на ЕУ**.. 14

Низ воената историја
**Сторија на една војна – „Пустинската бура“**............ 20

Воена едукација
**Намената и улогата на беспилотните летала во современото војување**............ 23

Вооружување
**Антиматеријална пушка „Barrett M82A1“**............ 32

**„ZBD-97/Type 97“ – пешадиско борбено возило на гасеници на кинеската армија**............ 36

**Напредок и ефикасност на артилеријата**............ 38

**Виљушкар – неопходна машина на секоја војска**............ 39

Аеродневник
**„Рогалови крила“ – делтаплани**............ 46

Незадолжително
**Кусогледи јасновидци**............ 50

Уметниците и војната
**Дизелдорфскиот романтичар**.... 54

Филм
**„Лимениот барабан“ – приказна за растењето**............ 56





34
**Беспилотно летало „Northrop Grumman RQ-4D Phoenix“**

48
**Музејот во заливот – „USS LEXINGTON CV-16“**

ПИШУВА:

**д-р Жанет**
**РИСТОСКА**
Главен и
одговорен
уредник

КОН ОВОЈ БРОЈ

# *Секогаш меѓу најдобрите*

*Во текот на изминатите години на објавување написи за активностите на нашата армија, често пишувавме за постигнатите поединечни и групни успеси на наши припадници во рамки на мисиите во Ирак и во Авганистан, како учесници на најразлични воени натпреварувања, како најдобри студенти на престижни воени школи, како најуспешни на големи меѓународни вежби итн.*
*Кон овој број ќе споменам неколку од последните успеси и постигнати резултати на наши припадници. За најдобар војник во изминатиот месец во мисијата „Зајакнато истурено присуство“ (Enhanced Forward Presence–eFP) во Латвија беше прогласен разводникот Бобан Костоски од Артилериското одделение, ангажирано во операцијата во рамките на словенечкиот контингент. Командантот на оваа борбена група, потполковник Крег Хигинс, го прогласи македонскиот припадник за најдобар војник за покажаната професионалност и мотивираност во изведување на активностите за време на вежбата „Wolverine forge“, на која словенечкиот вод, во чијшто состав е Артилериското одделение, покажа најдобри резултати, а разводникот Костоски со својата мотивираност, подготвеност и посветеност постави високи воени стандарди и беше пример за останатите. Командантот Хигинс на Костоски му додели симболично признание во вид на коин на мисијата. Костоски, пред останатите припадници на контингентите во оваа борбена група, ја презентираше хаубицата TN 90 155 мм, а се пријави и доброволно да работи на канадската хаубица M777 155 мм, како дел од учесниците во методско-показна вежба пред канадските генерали. Со успехот на Бобан, уште еднаш во најдобро светло беше претставена Армијата на Република Северна Македонија.*
*Ќе ги спомeнеме и успесите на припадниците од Баталјонот на специјални сили кои учествуваа на натпреварот за „Најдобар воин“ во организација на Националната гарда на Тенеси во САД. Долгогодишното реноме на армиските „Волци“ и мотото „Секогаш и секаде први“ беа достоинствено потврдени на овој натпревар со освојување на највисокото победничко место. Притоа, еден од двајцата натпреварувачи, беше прогласен за најдобар подофицер на ова престижно воено натпреварување. На натпреварот кој се реализираше на специфични воени полигони на НГ на Тенеси, голем број армиски припадници од НГ на Тенеси и од вооружените сили на Бугарија се натпреваруваа во повеќе од 40 оценувачки настани кои опфаќаа борбена обука како: проценка на фитнес и грижа за борбени жртви, ориентација, стандардни физички проверки, комбинирани пречки и марш со опрема и повеќе други. Високата физичка подготвеност и мотивираноста на нашите припадници резултираше со освојување на највисокото место на ова врвно и ригорозно војничко натпреварување. Учесник со највисок скор од сите дисциплини, беше водникот В.Е. од Баталјонот за специјали сили, кој го доби највисокото признание „Подофицер на годината“.*
*Припадници од Ренџерскиот баталјон со високи оценки ја прикажаа својата обученост и вештините во ориентација на земјиште на Регионалниот натпревар во организација на ВС на Словенија, со поддршка на Меѓународната организација на воени спортови. Натпреварот се реализираше во Постојна, Словенија, во рамките на цивилниот натпревар во ориентација како дел од цивилно-воената соработка.*
*Ова се само неколку информации за успесите на нашите припадници кои сакам да ги приложам кон овој број на „Штит“. Успесите се бројни, а ќе се множат и во иднина, бидејќи Армијата на Република Северна Македонија е дом на најдобрите и најпосветените граѓани на нашата држава.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Петровска и Агелер на вежба со хеликоптери „Black Hawk“ на полигонот „Криволак“

Министерката за одбрана Славјанка Петровска и амбасадорката на САД Анџела Агелер, на 10 март го посетија армискиот полигон „Криволак“, каде што се изведе вежба со хеликоптери од типот „Black Hawk“ на копнените сили на САД, поддржани од припадници на Армијата на Република Северна Македонија. Министерката Петровска изрази задоволство што во изминатиот период полигонот „Криволак“ се користи од страна на армиите на сојузничките земји и партнери, со што се покажува дека секоја инвестиција што е вложена во полигонот е оправдана. „Денес, заедно со амбасадорката Агелер сме дел од активностите кои се составен дел на обуката за блиска воздушна поддршка со воздухопловите ‘Black Hawk’. Минатата година за само 6 месеци се одржани 10 повеќедневни вежбовни активности на сојузничките армии и на партнерите од НАТО, а нашата Армија, се разбира, секој месец по неколку пати во текот на месецот ги извршува своите редовни вежбовни активности, меѓутоа и обуките на нашите припадници. Ова покажува дека секоја инвестиција што е направена во тренинг-центарот ‘Криволак’ е оправдана и затоа сакам особена благодарност да изразам и до нашите партнери. Сојузништвото, всушност, е токму и тоа, грижа и поддршка на едни со други“ истакна министерката Петровска. Министерката Петровска се заблагодари за поддршката од САД која се гледа и низ бројки – само во последната година САД ја поддржаа македонската одбрана со 137 милиони долари, наменети за проектите за модернизација и опремување на Армијата. Американската амбасадорка Агелер подвлече дека „Криволак“ е



полигон за обука од светска класа, кој нуди одлични услови за извежбување и дека ваквиот тип на обуки, исто така, ја покажуваат и потврдуваат силата на соработката и партнерството помеѓу САД и Република Северна Македонија. Обуката за блиска воздушна поддршка со воздухоплов од Копнените сили на САД се реализираше во периодот од 5 до 11 март и вклучува два американски хеликоптери „Black Hawk“.

# Средба на министерката Петровска со Жозеп Борел

На 17 март во Министерството за одбрана, министерката Славјанка Петровска го пречека високиот претставник на ЕУ за надворешна и безбедносна политика, Жозеп Борел, кој престојуваше во посета на Северна Македонија. Борел, за време на свечениот пречек се ракуваше со дел од припадниците на Армијата кои учествувале во операцијата на ЕУ во БиХ и мисијата на ЕУ во Централноафриканската Република и им се заблагодари за придонесот кон регионалната и глобалната безбедност. На средбата помеѓу двете делегации стана збор за одбранбената соработка помеѓу Северна Македонија и ЕУ, која има засилена динамика, што резултираше со подготвеноста на Унијата преку Европскиот мировен фонд, со 9 милиони евра да го поддржи процесот на опремување и модернизација на Армијата на Република Северна Македонија. Министерката Петровска се заблагодари за поддршката од Европскиот мировен фонд за модернизација и зајакнување на капацитетите на Армијата. „Северна Македонија го започна пристапниот процес во Унијата, а нашата надворешна политика е целосно усогласена со политиката на ЕУ. Ние припаѓаме на Европа и затоа сме амбициозни во заедничките напори за интензивирање на одбранбената соработка. Средствата кои Европскиот мировен фонд ги издвои за унапредување на опремата на Армијата на Северна Македонија ќе ги зацврстат капацитетите на Армијата, особено на Лесната пешадиска баталјонска група“, рече министерката Петровска. Во контекст на нашиот придонес кон регионалната безбедност, Петровска порача дека припадниците на Армијата даваат и личен придонес кон стабилноста на регионот и на Босна и Херцеговина преку 17-годишното учество во операцијата на ЕУ во оваа земја, ЕУФОР-АЛТЕА, и успешната контрибуција во борбените групи на Унијата во 2012 г., во 2014 г. и во моментов, односно првата половина на 2023 г. Борел, ја поздрави поддршката на Република Северна Македонија за Украина и порача дека Унијата е посветена на развојот на одбранбената соработка со Северна Македонија и оддаде признание за нашиот долгогодишен придонес кон регионалната и глобалната безбедност.



# Министерката Петровска во работна посета на Брисел



Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, од 20 март престојуваше во неколкудневна работна посета на Брисел, во чии рамки, на покана на високиот претставник на ЕУ за надворешна и безбедносна политика, Жозеп Борел, учествуваше и се обрати на првиот Безбедносно-одбранбен форум „Шуман“, а имаше и повеќе одделни средби со високи политички и воени претставници на НАТО и на ЕУ. Првиот форум „Шуман“ се одржа под мотото „Заедно посилни во нестабилен свет“, а е организиран под покровителство на Жозеп Борел. Целта на Форумот е да ја зацврсти соработката помеѓу релевантните глобални и регионални актери во областа на безбедноста и одбраната. На Форумот учествуваа високи претставници од 27-те земји членки на Унијата и 45 партнерски земји. Пред почетокот на Форумот, министерката Петровска во изјава порача дека денес, кога демократскиот свет е обединет во поддршката на Украина и враќањето на мирот, од суштинска важност е ЕУ да ги зацврсти партнерствата со државите во светот, а на земјите кандидати да им се овозможи да го продолжат интегративниот пат во духот на вредностите на кои се темели ЕУ. На работната вечера која претходеше на Форумот, насловена „Свет кој се менува: справување со заедничките предизвици“, министерката Петровска имаше формално обраќање заедно со своите колеги, министрите за одбрана на Германија, Норвешка, Шведска и Руанда. Петровска им порача дека голем дел од заедничките предизвици денес не препознаваат државни и географски граници и дека ни е потребна заедничка акција да се одбраниме и да ги одвратиме овие активности пред тие да станат сериозна закана за нашите општества. Таа истакна дека сајбер-нападите можат да имаат негативно влијание врз безбедноста на граѓаните и функционалноста на општествата, додека сериозен предизвик може да претставува и застојот во интеграциите на земјите и регионите, што може да доведе до економска стагнација, политичка нестабилност и општествена несигурност. Соработката помеѓу нациите, рече Петровска, е најважна во промовирањето и задржувањето на вредностите, етиката и моралот кој нè обединува и само со заедничко работење можеме да бидеме пример и да инспирираме позитивни промени во глобални рамки. Во Брисел, Петровска се сретна и со претседавачот на ВК на ЕУ, генералот Роберт Бриегер, со кого разговараше за придонесот на Северна Македонија кон регионалната и глобалната безбедност и за интензивирањето на одбранбената соработка помеѓу нашата држава и ЕУ. Во седиштето на НАТО, во Брисел, Петровска се сретна и со Мирчеа Џоана, заменик-генерален секретар на Алијансата. На средбата беше заклучено дека земјите членки се обединети и посветени на безбедноста на Алијансата како никогаш досега и дека тоа е видливо преку чекорите кои ги презема НАТО во зацврстување на процесите за трансформација. За трансформацијата на македонската одбрана, Петровска подвлече дека Северна Македонија од самиот почеток јасно и недвосмислено се насочи кон исполнување на доделените Цели за способности преку одделување на финансиските средства. Напомена дека оваа година МО одвојува повеќе од 30% за модернизација, што ја искажува и политичката волја за исполнување на нашите обврски. Во седиштето на НАТО, министерката се сретна и со претседавачот на ВК на Алијансата, адмиралот Роберт Бауер со кого разговараше за придонесот на земјава во мултинационалните сили во рамките на Зајакнатото истурено присуство во источното крило на НАТО. Дополнително се запозна и со процесите на воената трансформација на Северноатлантската алијанса.



# Во посета на Врховната сојузничка команда на НАТО во Монс

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска ја посети Врховната сојузничка команда на НАТО во Монс и се сретна со нејзиниот командант, генерал Кристофер Каволи и со старешините од Армијата позиционирани во оваа команда. На средбата, министерката Петровска истакна дека нашата држава ќе го продолжи своето активно учество во мултинационалните сили на НАТО во Латвија, Бугарија и Романија, што е несомнен приказ за нашиот силен придонес кон колективната одбрана и безбедноста и дека нашата држава целосно го поддржува новиот Стратешки концепт на Алијансата и иницијативите кои произлегуваат од усвојувањето на овој концепт потврден на последниот Самит на Алијансата. Министерката го информираше генералот Каволи дека пакетот на НАТО цели на способности кој беше прифатен, веќе е во фаза на имплементација во Северна Македонија и дека државата продолжува со вложувањето во одбраната – факт кој може да се види преку растот на одбранбениот буџет и одвојувањето на една третина од буџетот за модернизација и опремување. Петровска и Каволи разговараа и за можностите за обука и вежби како начин за развој на интероперабилноста, при што министерката Петровска порача дека Северна Македонија ќе продолжи да го развива полигонот „Криволак“, кој е и нашиот најголем и најзначаен ресурс



за обука. Во Монс, министерката се сретна и со старешините од Армијата кои се поставени на позиции во Врховната сојузничка команда.

Подготвила: Кристина Илиевска




# Создаваме систем на родова еднаквост кој е инклузивен, разновиден, ефективен и ефикасен

Присуството на жени во општествениот живот не гарантира и соодветно внимание на родовите прашања, затоа сите засегнати страни во општествено-политичкиот и културниот живот имаат одговорност да се посветат на промовирање, на имплементирање и на унапредување на родовата еднаквост. Учеството и придонесот на жените на сите нивоа во општественото делување е клучно за оперативната ефективност и одржливост во општеството.

Родовата еднаквост или еднаквоста помеѓу мажите и жените се однесува на еднакви права, одговорности и можности, и за жените и за мажите, и за девојките и за момчињата, но еднаквоста сама по себе не значи дека жените и мажите се едно исто, туку дека правата, одговорностите и можностите на жените и на мажите не зависат од нивниот пол

Вообичаено за жените се претпоставува дека немаат соодветна експертиза, а тоа се случува поради дискриминација, стереотипно размислување и стигмата која уште е присутна во нашето општество. Одговорноста за промена на размислувањата и навиките лежи во сите нас, и како партнери и како родители, но и како колеги во секоја професија. Дискриминацијата, стереотипното размислување, дури и говорот на омраза може да биде во форма која многу ретко е тешко препознатлива, затоа е нужно луѓето кои се сведоци да го распознаат и идентификуваат тоа однесување како неприфатливо за едно модерно општество кое цели кон прогрес и достигнувања. Министерството за одбрана континуирано презема низа активности за воспоставување на ефективен и ефикасен систем за постигнување родова еднаквост и родова перспектива во одбраната. Вклучувајќи ја родовата компонента во законската регулатива, нормите, политиките и стратегиските документи, создаваат услови за еднакви можности и за жените и за мажите во извршувањето на нивните одговорности.

Во текот на месец март, министерката за одбрана, Славјанка Петровска, ја поддржа кампањата на Министерството за труд и социјална политика „Гласни и храбри“, кампања за родова еднаквост, и активно учествуваше на две конференции посветени на жените во политиката и

Министерството за одбрана континуирано презема низа активности за воспоставување на ефективен и ефикасен систем за постигнување родова еднаквост и родова перспектива во одбраната. Вклучувајќи ја родовата компонента во законската регулатива, нормите, политиките и стратегиските документи, создаваат услови за еднакви можности и за жените и за мажите во извршувањето на нивните одговорности



жените во безбедносниот сектор, каде сподели лично искуство, ги истакна позитивните примери за родова еднаквост во одбраната и сподели факти за развојот на родовата перспектива за жените во униформа.

На конференцијата која се одржа на 1 март, „Жени во политиката – говор на омраза, сенка која обесхрабрува“, министерката го сподели своето лично искуство на родова дискриминација, поддршката од блиските, но и нејзиниот одговор на личните навреди и напади со кои се соочи веднаш по стапувањето на функцијата министерка за одбрана. „Залудно почнуваат борба против која било жена, затоа што ние сме истрајни, ама сме уште посилни кога сме нападнати. Затоа, најверојатно, една од причините поради која денеска уште седам како министерка за одбрана, и покрај сите напади со коишто јас се соочив, а сите вие бевте сведоци, е токму поддршката што ја добив, пред сѐ, од моите пријатели и пријателки“, рече министерката Петровска. Говорејќи за непријатното искуство, министерката Петровска како особено значајна ја истакна гласната поддршка што ја добила од граѓанските организации, и дека нејзиниот одговор на дискриминацијата бил зголемениот фокус кон работата.

„Мојата порака е многу јасна: Со говор на омраза не се служат луѓе кои имаат капацитет да создадат дела – се служат луѓе кои го немаат тој капацитет и на кој не им останува ништо друго туку да бидат демотивирано настроени и да сакаат да ги запрат оние тргнале да го променат светот на подобро“, истакна министерката на панел-дискусијата.

На конференцијата насловена како „Униформа, оклоп кој значи ранливост - нашата секојдневна борба на два фронта“, која се одржа на 6 март во Факултетот за безбедност, министерката Петровска ги истакна позитивните примери за родова еднаквост во Министерството за одбрана и во Армијата и сподели факти за развојот на родовата перспектива за жените во униформа. „Долги години, за жал, владееја стереотипите дека безбедниот сектор, особено високите раководни позиции, се резервирани исклучиво за мажите. Но, со нашата упорност, истрајност и мудрост, успеавме тоа да го промениме“, рече министерката.

Во контекст на имплементација на родовата еднаквост, министерката Петровска информираше за посветеноста на Министерството за одбрана за зајакнување на положбата и застапеноста на жените во униформа и жените на високи позиции во Армијата. Во 2012 година процентот на застапеност на жените во униформа бил 5,7%, додека денес процентот на застапеност е 10,8%. Висок раст има и кај процентот на жените-офицерки, кои во 2012 година биле 9%, додека денес тој процент е 18%. Во 2012 година само една жена во Армијата била полковничка – денес има седум полковнички. Во Министерството за одбрана, вкупната застапеност на жените е 47 %, а на 48 % од раководните позиции се поставени жени. „Секоја од нас е подготвена да одговори на сите предизвици со кои се соочуваме, да се вложи целосно и да биде подеднакво успешна, не само затоа што е жена, туку затоа што навистина сме способни и умееме тоа да го направиме. Минатата недела потпишав назначување на првата жена-началник на секција во рамките на Генералштабот на Армијата, и тоа го направив не само затоа што е жена, туку затоа што станува збор за офицерка која навистина има капацитети и вредности“, рече министерката Петровска.

Министерката порача дека, иако моменталните бројки се показател дека родовата еднаквост се движи во добар правец, особено важно е жените во Министерството за одбрана и Армијата да бидат добредојдени во работната средина и во никој случај не смеат да бидат омаловажувани, дискриминирани или, пак, да бидат попречувани во развојот на нивната кариера.

Во месец март, што е своевиден потсетник за вредноста на жената, рефлектирајќи го ставот за градење на вистинско европско општество, министерката Славјанка Петровска ги повика сите мажи и жени во Министерството за одбрана и Армијата да бидат вклучени во градењето на систем на еднаквост, кој е инклузивен, разновиден, ефективен и ефикасен.

Панде Димоска






# НАТО иницијатива за летачка обука

Потребата за обука на пилоти прогресивно се зголемува во целиот свет. Воздухопловната компонента, заедно со останатите компоненти на одбраната, е клучна за заштита на темелите на националниот интегритет и независност. Спроведување на квалитетна и безбедна обука на воените пилоти претставува сложен предизвик за секоја земја

Во текот на 2008 година работна група на Генералштабот на Армијата ја анализираше состојбата во Военото воздухопловство во однос на потребата од напредна и софистицирана едукација и обука на нови пилоти. Преку таа анализа беа идентификувани постоечките и долгорочните потреби на Военото воздухопловство за потребниот број на пилоти. Владата донесе одлука преку Министерството за одбрана, како институција со најсоодветни капацитети, да се реализира проектот „Центар за обука на пилоти“. Со тоа беше предвидено Центарот за обука на пилоти да се формира во касарната „Н.Х. Страшо Пинџур“ во Петровец и да врши обука на квалификувани пилоти на хеликоптери за потребите на Министерството за одбрана и за други државни воздухопловни единици, да обезбеди симулатори за летање и да изгради локални капацитети за обука во поглед на инфраструктурата, опремата и човечките ресурси. Состојбата во изминатите години пред активирање на Центарот за обука на пилоти ги поттикна авторитетите во Министерството за одбрана да започнат сериозно да размислуваат за современо, долгорочно и квалитетно решение. Крајниот резултат беше етаблирање на денес веќе познатиот Центар за обука на пилоти во Северна Македонија, воедно и пошироко познат центар кај нашите сојузници во НАТО Алијансата. Методите на селекција и обука на пилоти кои дотогаш ги применуваше Армијата беа осовремени преку примена на искуства кои компанијата „Елбит системи“, кои ги има стекнато при своите ангажмани во Воздухопловната воена академија преку селекција и обука на пилоти. Една од квалитативните придобивки што Центарот за обука на пилоти ја воведе во концептот за обука на нови пилоти е употребата на симулатори за летање. Со овој процес се овозможува зголемување на летачките вештини и обука во услови на летање кои тешко или никако не можат да се реализираат во редовната летачка обука, а овозможува и заштеда на ресурси на оперативните воздухоплови (вклучувајќи симулации со откази на мотори, хидросистеми и пожари на воздухопловот). Со Центарот за обука на пилоти на среднорочен и долгорочен план започна процесот на квалитетно и безбедно пополнување на летачките единици со пилоти. Со него се овозможи континуирано школување на пилотите и се подигна квалитетот на обуката на оперативните пилоти со нова и квалитетна наставна програма.

Со тоа Центарот за обука на пилоти остана специфичен едукативен центар на домашен план и во рамките на меѓународното опкружување.



**НАТО иницијатива за летачка обука во Европа**

Во текот на декември 2020 година, министерката за одбрана го истакна 10-годишниот период од Договорот за востановување на Центарот за обука на пилоти, а ги нагласи позитивните искуства, научените лекции, современите методи на обуката, а воедно и продолжување на меѓународната соработка на Центарот во состав на започнатата НАТО иницијатива за летачка обука во Европа (после одлуката да се формира НАТО иницијативата во 2019 година до нашата земја се испратени известување со повик и писмо на намери на кои позитивно е одговорено). Армијата свечено го презеде Центарот за обука на пилоти како сквадрон за обука и тренажа во состав на Воздухопловниот винг. Овој центар за обука, со сопствениот логистичко-технички капацитет, современите капацитети за обука во поглед на инфраструктурата, опремата составена од авиони, хеликоптери и симулатори, како и во поглед на човечките ресурси и потенцијал, ќе продолжи со поинаков концепт и дизајн во рамките на НАТО. Функционалноста на Центарот за обука на пилоти ни е потребна заради понатамошното продолжување со обука на домашни и странски пилоти и поради сè поголемиот интерес на земјите сојузнички за вклучување во програмата на НАТО за летачка обука во Европа (NATO Flight Training Europe). Крајната цел е институционалната соработка со низа слични центри за обука во рамките на НАТО Алијансата. Започнат е процесот на дефинирање и воспоставување на структурата на управување, постепена операционализација на мрежата со центри за обука, развој на кампусите за обука, како и усогласување на наставните програми и модули за обука. Овој процес следува како продолжение на Писмото за намери кое е потпишано од страна на 10 земји-учеснички (Белгија, Чешка, Грција, Унгарија, Италија, Црна Гора, Северна Македонија, Романија, Шпанија и Турција), членки на Алијансата, помеѓу кои и Северна Македонија, со што ја започнаа мултинационалната иницијатива за создавање на НАТО структура за летачка обука во Европа. Иницијативата ќе овозможи воспоставување на мрежа на Центри за обука на пилоти кои ќе ги исполнат потребите на повеќе европски сојузници за обука на пилоти, а кои самите не развиваат ваков вид на капацитети. Северна Македонија токму во оваа инцијатива го вклучува Центарот за обука на пилоти, со што ќе се овозможи поголема интероперабилност помеѓу сојузниците и ќе се намалат трошоците за обука на пилотите како вистински пример за концептот за споделување на товарот помеѓу земјите членки на НАТО.



Потпишаниот Меморандум за разбирање целосно ја воспостави структурата и архитектурата на управување со програмата „NFTE“, со што го отвора патот за назначување и отворање на првите кампуси за обука. Во декември 2021 година, учесниците официјално ги назначија Центарот за обука за летање во Чешка и Меѓународната школа за обука за летање во Италија како почетни два кампуси за обука. Следните дефинирани кампуси/центри за обука се на Грција и Унгарија. Се очекува првите студенти да започнат со обука во кампусите веќе во 2023 година, за што ќе се користат постоечките национални и мултинационални капацитети во Европа (основни, средни и напредни категории за обука на пилоти за борбени авиони, хеликоптери, како и персонал кој ќе се обучува за управување со беспилотните летала). Функционалноста на овој центар ни е потребна не само заради обука на домашни пилоти, туку и поради сè поголемиот интерес на земјите сојузнички преку програмата на НАТО за летачка обука во Европа да реализираат обука на сопствени пилоти. Напредното технолошко ниво на инфраструктурата, симулаторите и опремата има потреба од стручна и навремена логистичка поддршка. Навремената логистичка поддршка ќе биде значајна и поради фактот дека до очекуваната набавка на нови повеќенаменски хеликоптери за Северна Македонија, ова ќе биде единица со најголем број на воздухоплови во целата држава.

Драган Павловски




# Значењето на безбедноста на класифицираните информации во одбраната и Армијата (2)

Во првиот дел од елаборирањето за темата ги наведовме основите како се планира и се спроведува, пред сè, безбедноста на националните класифицирани информации (КИ). Но, со приемот на државата во НАТО Алијансата, произлезе потребата за зајакнување на капацитетите на Министерството за одбрана (МО) и Армијата за заштита и на НАТО и ЕУ КИ. Веднаш ќе нагласиме дека безбедноста на националните и на НАТО и на ЕУ КИ во МО и Армијата, е неделив процес на планирање и преземање на мерки и активности и така треба да биде сфатена од сите припадници

Законот за класифицирани информации детаљно ги одредува телата и ги определува мерките и активностите за работа и со НАТО и со ЕУ и со други странски КИ. Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ) и во овој случај е централен државен орган кој е одговорен за координирање на мерките и активностите за безбедност на НАТО и на ЕУ и на други странски КИ. Во Законот за класифицирани информации е регулирано дека во органите на државна управа, кои имаат потреба да ракуваат со странски КИ и ќе ги исполнат строгите услови и критериуми, ќе се определат содоветни организациски единици во улога на „Подрегистар за размена на странски КИ“ или во улога на „Контролни точки за размена на странски КИ“, додека во ДБКИ, како централен орган, се формира „Регистар за размена на странски КИ“. Во согласност со законските одредби, а врз основа на добиена согласност од ДБКИ, министерот за одбрана определи да се воспостави Подрегистар за размена на НАТО и на ЕУ КИ во МО, а во ГШ и Армијата, контролни точки за размена на НАТО и на ЕУ КИ. Офицерите за безбедност на КИ (за коишто образложивме во претходниот број на „Штит“), се поставени во Подрегистарот и на контролните точки како стручни лица, кои треба да овозможат да се спроведат задачите и мерките предвидени во Законот за класифицирани информации, подзаконските акти и во прописите усвоени во НАТО Алијансата.

Со приемот на државата во НАТО, беше јасно дека повеќекратно ќе се зголеми обемот и бројот на НАТО КИ кои ќе се разменуваат со МО и Армијата. За да може безбедно и ефикасно да се работи со НАТО КИ, имаше потреба да се прифатат сите стандарди за безбедна електронска размена на НАТО КИ до степен „Строго доверливо“ или „Secret“

и да се воспоставаат сложени НАТО комуникациско-информациски системи. Бидејќи човекот е главниот фактор, најпрво требаше да се одреди клучниот персонал во МО и Армијата, кои според должностите што ги извршуваат и во согласност со принципот „Потребно е да знае“, ќе имаат потреба, покрај националниот сертификат да поседуваат и НАТО безбедносен сертификат (БС). Процесот за ресертифицирање за поседување на НАТО БС на клучниот персонал во МО и Армијата, започна веднаш по приемот на државата во НАТО Алијансата. Одговорните лица во МО и Армијата, според потребата за извршување на функционалните должности, соодветно ги селектираа припадниците на МО и Армијата кои треба да поднесат барања за спроведување на безбедносна проверка за добивање на НАТО БС. Начинот на поднесување на барање (на македонски и на англиски јазик) е истоветен како и за националните БС. Започнува од единиците во Армијата и од организациските единици во МО, преку овластените офицери за безбедност на КИ, кои барањата ги проверуваат, ги евидентираат и ги проследуваат за решавање до С-СВБиР во МО и до ДБКИ. Мора да се нагласи дека процесот на решавање на барањата за добивање на НАТО БС е посеопфатен од решавањето на барањата за добивање на национални БС, од причина што за добивање на НАТО БС треба да се произнесат и соодветни тела и органи на НАТО Алијансата.  Освен за определениот клучен персонал во МО и Армијата кои треба да поседуваат НАТО БС (NATO Personnel Security Clearance Certificate), спроведувањето на постапката за добивање на НАТО БС или за добивање потврда за поседување на НАТО БС (Personnel Security Clearance Confirmation), сè повеќе е значајна и за припадниците на Армијата (и МО) кои се упатуваат во меѓународни воени операции предводени од НАТО или ЕУ, за учество на НАТО вежби и обуки, за учество во работата на комитетите и телата на НАТО, како и за лицата кои се избираат да извршуваат штабни должности во командите и штабовите на НАТО Алијансата и за воените аташеи.
Во изминатите 3 години од полноправното членство во НАТО, во МО и Армијата се усвоени и воведени речиси сите стандарди, прописи и протоколи за безбедност на НАТО КИ. Најголем дел од нивната содржина, веќе е вградена и во законските и подзаконските прописи за безбедност на КИ. Секој припадник на МО и Армијата може и на отворената интернет мрежа да ги најде НАТО директивите (Directive on Personnel Security-AC/35-D/2000-REV7, Directive on Physical Security-AC/35-D/2001-REV2, Directive on the Security of Information-AC/35-D/202-REV4, Primary Directive on CIS Security-AC/35-D2004-REV3, Directive on Classified and Industrial Security-AC/35-D/203-REV5). Кога подетаљно ќе се изанализира нивната содржина, ќе се уочи дека истите поими, мерки и активности се вградени и во нашиот Закон за класифицирани информации, а особено во подзаконските акти - уредбите и правилниците. Во делот на примената на строгите критериуми на НАТО за комуникациско-информациска безбедност на КИ, ќе наведеме дека за потребите на МО и Армијата се воспоставени пристапни точки за безбедна електронска размена на НАТО КИ до степен „Secret“ .
Безбедноста на националните, на НАТО и на ЕУ КИ во МО и Армијата е функционална област која зазема сè позначајно место во секојдневното работење. Сведоци сме дека актуелните и идни воени конфликти, асиметричното војување и невоените закани и опасности по безбедноста и одбраната, сè повеќе се насочени кон ширење на дезинформации, загрозување на комуникациско-информациските системи, односно спроведување на сајбер-напади, со цел да се дојде и до класифицирани информации на противникот.
Сите припадници на МО и Армијата имаат голема одговорност при спроведувањето и почитувањето на мерките за безбедност на националните, на НАТО и на ЕУ КИ. Континуираното информирање, обуката и подигнувањето на свеста за оваа многу важна област е постојана потреба и работа на овластените офицери за безбедност на КИ, на овластените припадници на Службата за безбедност и разузнавање во МО и Армијата, како и на експертите одговорни за комуникациско-информациските системи во МО и Армијата. Овие специјализирани органи треба да им помагаат на вработените во МО и Армијата да ги остварат нивните права и обврски за заштита на КИ, а на одговорните лица во МО и Армијата, со стручни мислења и совети да им помогнат при управувањето, раководењето, командувањето и контролата.

д-р Златко Кузманов









# Зајакнување на одбранбената и безбедносната компонента на ЕУ

На 21 март 2022 година, ЕУ го усвои долго очекуваниот Стратегиски компас, кој ја претставува стратегиската визија за адаптација на ЕУ во следната декада и потоа, и ги конкретизира механизмите за одговор на растечките безбедносни предизвици и закани по Унијата

Во изминатите седум децении ЕУ со своите 27 членки и над 450 милиони жители играше значајна улога во заштитата и промоцијата на споделените вредности на европско тло. ЕУ е најголемиот пазар и инвеститор и трговски партнер со многу земји во поблиското соседство. Меѓутоа, ЕУ во изминатиот период се промовира како економска и политичка сила, а сега прави напор да ја зајакне и својата одбранбена и безбедносна компонента. Враќањето на војната на тлото на Европа е сериозен предизвик за ЕУ, посебно кога се работи за агресија предизвикана од страна на Русија врз Украина. Агресијата врз Украина само го забрза усвојувањето на Стратегискиот компас. Меѓутоа, не треба да се сфати дека Стратегискиот компас е прост одговор на војната во Украина. Одговорот е нешто повеќе над областите на безбедност и одбрана, затоа што ЕУ мора да се соочи со цел спектар на закани по нејзиниот опстанок. Стратегискиот компас претставува водилка за неопходниот развој на безбедносната и одбранбена агенда на ЕУ во следната декада и потоа. За да го постигне тоа, неопходно е ЕУ да ја зајакне соработката со НАТО и да прерасне во силен трансатлантски партнер. Тоа подразбира дека ЕУ мора да биде способна да го споделува товарот во одржувањето на меѓународниот мир и безбедност, како од финансиски така и од аспект на развој на воените и цивилните способности за безбедност и одбрана. Последните случувања со војната во Украина покажаа колкава е важноста на колективната одбрана на НАТО на европско тло и колку е значајна улогата која ја има ЕУ во современиот безбедносен контекст. „Русија беше будење за ЕУ. Секогаш сметав дека ни требаше стратегиска кларификација и ние сме во процес да го направиме тоа“ (Macron, 2022). Стратегискиот компас ја насочува и ја унапредува акцијата со цел ЕУ да ја направи посилна и повеќе да придонесува за безбедноста. Оваа стратегија јасно ги идентификува целите и областите на одбрана и безбедност на ЕУ, средствата за да се постигне тоа и специфичните временски рокови преку кои ќе се мери постигнатото. Со Стратегискиот компас, ЕУ воспоставува високо ниво на амбиции во остварување на агендата за безбедност и одбрана. Реализацијата на агендата се потрпира врз обезбедување на споделени процени за стратегиската околина, заканите и предизвиците со кои се соочуваат членките и за импликациите кои би ги имале врз ЕУ. Ова овозможува поголема кохерентност и заедничко чувство за тековните цели на акција во безбедноста и обраната. Воспоставува нови начини и средства за унапредување на колективната способност за одбрана на безбедноста на граѓаните на Унијата и определува јасни цели и инструменти преку кои ќе се мери напредокот во имплементацијата на одредбите од Компасот.

Новата стратегија е појдовна основа на ЕУ како давател на безбедност и многу

важен чекор за Европската безбедносна и одбранбена политика. Isabella Antinozzi за „Euro news“ вели: „За прв пат и на највисоко ниво Европејците колективно ослободени направија здружена процена на заканите за заедничката визија и за деталните цели на безбедноста и одбраната на ЕУ“.



Војната на тлото на Европа, предизвикана од неиспровоцираната и неоправдана агресија на Русија врз Украина, како и големите геополитички промени, ја предизвикаа способноста на Унијата да се адаптира и да ја покаже својата способност за промоција на нејзината визија и за одбрана на вредностите и интересите на кои се темели. Во ера на растечки геостратегиски натпревар и комплексни безбедносни закани проследени со директна воена агресија, ЕУ смета дека безбедноста на нејзините граници и граѓани е доведена во прашање. Опсегот на заканите е понепредвидлив и проширен со хибридното војување, сајбер-заканите, борбата за контрола на вселената, пристапот до поморските патишта на далечниот север, зголемената побарувачка на ресурси, нестабилноста во соседството, неконтролираната миграција, пандемиските настани и слично, кои заедно со политичките инструменти на присила придонесоа за зголемување на зависноста и за вооружување на „меката моќ“ на државите. Тероризмот сè уште е сериозна закана по безбедноста на многу држави и сериозно може да ги предизвика безбедноните системи на државите. Овие закани дополнително добиваат на значење и со ефектите од климатските промени кои се третираат како мултипликатори на заканите кои ги засегаат сите и ги поттикнуваат конфликтите. Меѓутоа, европската безбедност е неделива и секој предизвик по истата ја засега и безбедноста на ЕУ и нејзините членки. Враќањето на моќта на политиката води кон тоа некои држави да дејствуваат врз основа на историските права и зони на влијание отколку да се придржуваат кон меѓународно договорените норми и принципи за заштита на меѓународниот мир и безбедност. Тоа придонесе државите да се соочат со натпревар во системите на владеење, проследено со реална борба на наративи. Ваквиот опсег на заканите и предизвиците придонесоа ЕУ да настапи пообединето и поодлучно од кога било за да го врати мирот на европско тло, во соработка со партнерите, како и за одбрана на демократските вредности и гаранција на суверенитетот и територијалниот интегритет на државите. За да го постигне тоа, ЕУ мора да ја зајакне својата одбранбена компонента по примерот на НАТО. Силно да го поддржува меѓународниот поредок заснован на правила и промовиран од ООН, како и да ја зајакне трансатлантската врска и соработка со стратегискиот партнер – НАТО и да ја продлабочи соработката со другите регионални и меѓународни партнери како АСЕАН, Африканската унија и ОБСЕ. Тоа ќе ѝ помогне на ЕУ да прерасне во глобален давател на безбедност. Во овој конфронтирачки поредок, земјите членки на ЕУ мора да инвестираат повеќе во нивната одбрана за да станат силен политички и безбедносен актер. Тоа ќе ѝ овозможи на ЕУ да ја зајакне својата улога во геополитичкото одвраќање. Меѓутоа, за да го постигне зацртаното, ЕУ, пред сè, неопходно е да ги зајакне своите капацитети, отпорноста, внатрешната кохезија и да обезбеди солидарност и заемна соработка меѓу самите земји членки. Способноста да дејствува одлучно мора да ја поддржи со зголемено присуство и видливост, не само во соседството, туку и глобално, пред сè преку зголемени инвестиции. Компасот јасно и недвосмислено го претставува нивото на амбиции на ЕУ во безбедноста и одбраната кое треба да се постигне преку: обезбедување на споделена процена за стратегиската околина; заканите и предизвиците со кои се соочува и нивните импликации врз Унијата; поголема тековна кохерентност и заедничко чувство на дејствување за целите во областа на безбедноста и одбраната; воспоставување на нови правци и средства на дејствување со цел да се унапреди колективната способност за одбрана на граѓаните и на самата Унија и да се овозможи брзо и одлучно дејствување кога се соочува со криза; да ги обезбеди интересите и да ги заштити граѓаните преку јакнење на капацитетите за предвидување и ублажување на заканите; стимулирање на инвестициите и иновациите за здружен развој на потребните технологии и способности и продлабочување на соработката со партнерите, пред сè со НАТО и со ООН за остварување на заедничките цели; определување на јасни цели и инструменти за мерење на напредокот. Стратегискиот компас е така структуиран што може да дава политички насоки и специфични цели за дејствување во кризниот менаџмент, јакнење на отпорноста, во развојот на способности и при јакнење на партнерствата. Во основа, во Компасот е претставено нивото на амбиции кое ЕУ планира да го постигне со ургентно имплементирање на предвиденото со Стратегискиот компас преку интегриран пристап на дејствување во справувањето со заканите. Овие политички насоки за ориентација и специфични цели се разработени преку четири приоритетни области на дејствување во следната декада ,и тоа: дејствување, безбедност, инвестирање и партнери.

д-р Игор Ѓорески






# Втора и трета генерација на мировни операции

Промените на меѓународната политичка сцена со крајот на Студената војна доведоа до длабоки промени во природата и опсегот на мировните операции (МО). Потребата за МО се зголеми по завршување на биполарната стихија како поддршка за прокси-војните на африканскиот континент, барајќи помош од меѓународната заедница во процесот на политичката транзиција

Во северната хемисфера, етничката нетрпеливост во распаднатите комунистичките режими доведе до деструктивни граѓански војни. Овие промени се нарекуваат „нови војни", кои се карактеризираат како внатрешни (во споредба со претходните меѓудржавни конфликти), кои доведуваат до една детериторијализацијата на конфликтот и се фокусирани на идентитетското прашање. Во исто време, крајот на Студената војна доведе до зголемување на „побарувачката" на мировните операции на ОН, со укинување на блокадата на СБ за употреба на вето. На ова треба да се додаде и зголемување на одговорноста на меѓународната заедница за обезбедување хуманитарна помош за државите кои биле зафатени во криза со глад. Соодветно на тоа, употребата на мировниците станала полесна, меѓутоа и мисиите станале посложени и поопасни. Следело определување на поамбициозни мандати и активно вклучување, не само во „замрзнати" конфликти, туку и во помагање во транзиција кон мирот. Оттука еволуирале повеќедимензионалните мировни операции или операции од втората генерација. Карактеристично за овие операции се реализирање на цивилни задачи поврзани со транзиција од конфликт во политички договор, без дозвола за зголемена употреба на воена сила. Мисиите од втората генерација се во насока на спречување на тековното насилство, „нови војни", со преземање на цивилни задачи, со зачестена комуникација со голем број хуманитарни организации во сложени и итни ситуации, а се соочени со недостаток на потребни средства во однос на сложеноста на задачата и целта која треба да ја исполнат. Во 1992 г., тогашниот генерален секретар на ОН, Бутрос Гали, го објавил документот Агенда за мир, во кој се обидел да ги претстави



промените на меѓународната сцена, како и одговорот на ОН за новонастанатата безбедносна средина. Во овој документ се извлекуваат заклучоци за колективната безбедносна улога на ОН по Студената војна, им се дава централно место на мировните операции. Овој документ воспоставил типологија која е валидна и денес, а се однесува на петте видови на активности кои ги означуваат современите мировни операции. Во овој документ е воспоставена правна рамка преку која се прави јасна дистинкција помеѓу активностите: превентивната дипломатија - за спречување на несогласувањата помеѓу две страни, со цел да се спречи понатамошна ескалација на спорот во конфликт, односно негово ограничување; воспоставување на мирот – постигнување на договор помеѓу двете страни по мирен пат во согласност со Поглавје VI од Повелбата на ОН; одржување на мирот – распоредување на воен, полициски и цивилен персонал на ОН, со согласност на сите засегнати страни.
Покрај класичниот воен мандат, во втората генерација МО додадени се цивилни задачи кои вклучуваат: организирање на избори, неопходни за трансформација на конфликтот од насилен во политички; разоружување; демобилизација и реинтеграција; испорака на хуманитарна помош; промоција на човековите права; помош за бегалците и градење и јакнење на владините капацитетите. Важен момент е зголеменото распоредување на полициски сили, одговорни за одржување на редот и почитување на законот, но и како обучувачи на новоформираните единици. Зголемувањето на листата на задачи е содржано во дополнувањето на Агендата за мир од 1995 г. Овие мисии ја претставуваат основата за градење на мирот, а во нив е инкорпорирано спроведувањето на мирот, градењето на институциите и привремено остварување на суверенитетот. Успехот на овие мисии зависи од добрата волја на страните во конфликтот, а во голема мера и од тежината на барањата од ОН. Во овој контекст, може да се напомене дека во случаите каде што постоеле услови, мисиите од втората генерација се успешен пример во договорите за транзиција и спроведување на мирот. Такви се:

- Група на ОН за помош при транзиција – УНТАГ (UNTAG), Намибија. Мисијата започнала во април 1989 г. и траела до март 1990 г. Нејзината основна задача била да обезбеди независност на Намибија и спроведување на слободни и легални избори. Намибија станала членка на ОН во април 1990 г. Во договорот кој е потпишан од страна на Ангола, Куба и Јужна Африка, дефинирано е дека Јужна Африка ја прифаќа независноста на Намибија, со повлекување на кубанските трупи од Ангола. Со резолуцијата 629 на СБ, усвоена на 16 јануари 1989 г., одлучено е мисијата УНТАГ во Намибија да започне на 1 април 1989 г. УНТАГ претставувала политичка операција, бидејќи нејзиниот мандат бил да обезбеди одржување на слободни и чесни избори во Намибија. Во моментот на изборите кои се одржале помеѓу 7 и 11 ноември 1989 г., УНТАГ имал 8000 припадници, од кои 2000 цивили, 1500 полицајци и 4500 припадници на воениот дел на мисијата.

- Операцијата на Обединетите нации во Мозамбик (УНОМОЗ), со одлука на СБ број 797, имала мандат да помогне во примена на Мировниот договор потпишан помеѓу претседателот на Мозамбик и претседателот на Мозамбискиот национален отпор (Resistência Nacional Moçambicana, RENAMO), конзервативна партија која делувала во Мозамбија. Мисијата траела од декември 1992 г. до декември 1994 г. Целта на операцијата била

Мировните операции од третата генерација или операциите за спроведување на мирот се карактеризираат со зголемена дозвола за употреба на сила за да се наметнат целите на мисијата според нејзиниот мандат, без значајно надминување на ограничувањата на мандатот на МО од втората генерација. Најважните причини коишто довеле до појава на овој нов вид мировни операции се неуспесите на МО во 1990-тите: мисиите во Руанда, во Сомалија и во Босна.



олеснување при примената на Договорот, следење на прекинот на огнот, надгледување на повлекувањето на странските сили, обезбедување на транспорт, давање техничка помош и надзор на целокупниот изборен процес.

- Групата на набљудувачи на ОН во Ел Салвадор (ОНУСАЛ). Оваа мисија е одобрена со Резолуцијата 693 на СБ на ОН на 20 мај 1991 г., а завршила во април 1995 г. Нејзиниот мандат бил да се стави крај на една децениска граѓанска војна и да се овозможи спроведување на договорот помеѓу владата на Ел Салвадор и Народноослободителниот фронт на Фарабундо Марти, една од најголемите политички партии во Ел Салвадор, формирана на 10 октомври 1980 г., од пет левичарски герилски организации. Договорот вклучувал прекин на огнот, реформи и намалување на вооружените сили, создавање на нови полициски сили, реформа на судството и на изборниот систем, човековите права и други економски и социјални прашања. Вооружениот конфликт заврши во декември 1992 г., а изборите во април 1994 г. од страна на ОНУСАЛ, беа верификувани како успешни.

Сепак, сѐ поголемиот јаз кој се создал помеѓу доделените задачи и очекуваните резултатите од операциите на ОН, поради нивната ограничена способност за спроведување на воени мисии во нивните мандати ќе доведат до три катастрофални неуспеси чии научени лекции ќе бидат причина за длабоко преиспитување на мировните операции на ОН. Трите неуспешни мировни операции во 1990-тите, ги открија нивните слабости:  неефикасност во донесувањето на политички договор, заедно со релативно големи воени загуби, во 1992 г. во Сомалија; неуспехот на организацијата да го спречи или да го ограничи геноцидот во Руанда во 1994 г. и неуспехот да ги заштити цивилите и самите себеси во Босна, симболизирани со масакрот во Сребреница во 1995 година.

Иако мисиите од втората генерација и денес се во функција, секоја од нив генерира научени лекции кои имаат голем ефект на „светото тројство“ на мировните принципи кои доведуваат до појава на нова, трета генерација мировни операции. Мировните операции од третата генерација или операциите за спроведување на мирот се карактеризираат со зголемена дозвола за употреба на сила за да се наметнат целите на мисијата според нејзиниот мандат, без значајно надминување на ограничувањата на мандатот на МО од втората генерација. Најважните причини коишто довеле до појава на овој нов вид мировни операции се  неуспесите на МО во 1990-тите: мисиите во Руанда, во Сомалија и во Босна. Искуствата од овие мисии имале силен негативен ефект врз принципите на „светото тројство“ на МО. Операцијата на ОН во Сомалија (УНОСОМ) ја покажа неопходноста на хуманитарната помош во пропаднатите држави каде што не функционира владата за да даде конзистентна согласност за спроведување на мисијата. Пример за тоа е хрватското и босанското манипулирање со согласноста за мисијата за Заштитните сили на





ОН (УНПРОФОР), со цел „купување на време“ за нивно вооружување и одложување на ембаргото за оружје на ОН. Геноцидот во Руанда ги отвори прашања за непристрасност и неупотребата на сила, во услови на очигледни масовни убиства, кои постојано беа потенцирани од страна на командантот на воените сили на мисијата на ОН во Руанда (УНАМИР). Зголемената попустливост во однос на употребата на сила, и резултатот од негативните морални последици од претходните неуспешни мисии, даде поттик за промена во балансот помеѓу двете компоненти на суверенитетот, неинтервенирањето и човековите права. Поради страшните последици од неактивноста на ОН, (а поради нивното настојување за неповредливост на суверенитетот, неповредливост на границите и строгите ограничувања за употреба на сила), човековите права започнаа да добиваат предност, а доминацијата на државата врз поединецот стана предмет на оспорување. Првично, во текот на 90-тите години на минатиот век се создаде еден период на мирување, за потоа да следи одобрување на употребата на сила од страна на ОН и регионалните организации кои биле авторизирани од страна на ОН. Овие промени, заедно со научените лекции од претходните неуспешни мисии и бројни тешкотии во работењето на ОН, ќе бидат објавени во август 2000 г. во таканаречениот Брахимски извештај, кој дава 69 конкретни препораки за подобрување на МО на ОН во областите на доктрина и стратегија, капацитетот за распоредување, планирањето и поддршката и информативната политика. Овој извештај е клучен документ за разбирање на природата и функционирањето на современите мировни операции и се истакнува како документ кој мора да се проучува. Дебатата за хуманитарната интервенција и за спроведување на мирот и односот меѓу човековите права и неинтервенцијата како компоненти на суверенитетот, започнаа сериозно да се разгледуваат во доцните деведесетти години на минатиот век. Ова прашање предизвикало сериозни академски дебати. По изработката на концептот на индивидуалната човекова безбедност и нејзиното промовирање од страна на канадската влада во 1996 г., се стекна увид во работата на владите кои ги угнетуваат своите граѓани и го користат суверенитетот како штит против надворешна интервенција. Формата на новата доминација на човековите права го доби името „Хуманитарна интервенција“. Во изминатите години СБ и Генералното собрание сè повеќе се занимаваат со прашања поврзани со заштитата на цивилите, човековите права и хуманитарниот одговор. Обидите да се воспостави рамнотежа помеѓу неинтервенцијата и човековите права го достигнаа нивниот врв со концептот на „Одговорност за заштита” (Responsibility to Protect - R2P). Првата интервенција за која се тврди дека е хуманитарна, беше акцијата на НАТО против Југославија поради конфликтот во Косово во 1999 г. Оваа операција на НАТО симболично ја означува првата мисија од третата генерација мировни операции. Мисијата е дискутабилна поради ангажман без одобрување од страна на СБ. Оваа мисија подоцна служеше како основа за МО од четвртата генерација, кај кои се нагласува карактеристиката за спроведување на мирот. Повеќето од таквите мисии не се вршат од страна на мировници на ОН, туку од страна на регионалните организации или коалиции овластени според Поглавје VIII од Повелбата на ОН. Ова важи и за интервенцијата во Косово, што се смета како типична мисија за спроведување на мирот, како и Меѓународните воени сили предводени од Австралија за Источен Тимор (ИНТЕРФЕТ) - INTERFET (The International Force for East Timor) - во 1999 г. Овие мисии често се со ограничен мандат, со цел обезбедување мирни услови за ОН да ги спроведуваат своите цивилни задачи. Комбинацијата од зголемена употреба на сила и зголемување на инванзивноста на операциите претставува преод во четвртата генерација мировни операции на ОН.

д-р Ненад Танески





# Сторија на една војна – „Пустинската бура“

Војната во Персискиот Залив (наречена и Војна во Заливот), 1990–1991 година, била меѓународен конфликт, предизвикан од ирачката инвазија на Кувајт на 2 август 1990 година. Ирачкиот лидер, Садам Хусеин, наредил окупација на Кувајт со цел присвојување на големите национални резерви на нафта на таа земја и проширување на ирачката моќ во регионот. Наредниот ден, на 3 август, Советот за безбедност на Обединетите нации повикал Ирак да се повлече од Кувајт

Ирачката влада на ова одговорила со официјално анектирање на Кувајт, на 8 август 1991 година. Потенцијална била и инвазијата на Саудиска Арабија, најголемиот светски производител и извозник на нафта. САД и нејзините западноевропски НАТО сојузници одлучиле да стационираат свои сили во Саудиска Арабија, со цел одвраќање на можен напад. Египет и други арапски нации се приклучиле кон антиирачката коалиција и придонеле со сопствени сили во воената структура на коалицијата наречена операција „Desert Shield“ (Пустински штит).

**„Пустинска бура“**

Веднаш по истекот на рокот за повлекување од кувајтска територија, сојузниците започнале акција против Ирак. Во раните утрински часови на 17 јануари 1991 г., борбените авиони и хеликоптери и ракетите на меѓународната коалиција предводени од САД, неутрализирале разновидни воени и владини цели во Ирак, започнувајќи ја кампањата наречена операција „Desert Storm“ („Пустинска бура“), воена операција испланирана и предводена од американскиот генерал Norman Schwarzkopf. Започнал обидот да се присили Ирак да стави крај на својата окупација на Кувајт. Офанзивата продолжила наредните пет седмици со беспоштедни напади по инфраструктурата и вооружените сили на Ирак, вршејќи подготовки за копнен напад. Ирачката војска, беспомошна наспроти супериорната технологија на коалицијата, била во можност единствено да даде незначителен отпор. Во тоа време, светската јавност можела да ги слушне и да ги види говорите на Садам Хусеин, чија тактика се состоела во тоа коалициските сили да се наведат на копнен напад. Денес веќе е очигледно дека тие говори биле само маневар за предизвикување, со цел да се зголеми неговата диктаторска фигура меѓу арапскиот свет, кој во тоа време масовно скандирал со неговите портрети на антизападните демонстрации. Во суштина, Садам, со почетокот на воздушната кампања, сфатил дека неговата војска во Кувајт веќе била во замка, од која би можел да излезе единствено со прибегнување кон некаков дипломатски договор, за што

неговите блиски соработници не биле подготвени.
Поткрепа на ваквите Садамови говори со пофалби за ирачката армија бил и привидот дека таа навистина и била многу силна. Тие уживале углед на единици, совршено извежбани за одбранбени дејства, како искуство стекнато од војната со Иран (1980-1988г.). Се покажало на терен дека ирачката војска во Кувајт навистина била застрашувачка сила. Во и околу Кувајт биле распоредени околу 450.000 војници, опремени со околу 4.000 тенкови, 2.800 оклопни транспортери, 3.000 артилериски орудија (и кои можат да употребат хемиски гранати), силна противтенковска одбрана, раширена противвоздушна одбрана и многу друго. Импресивни биле и нивните утврдувања со: неколку мински полиња во првиот ред, вториот ред со ровови наполнети со буриња со течно гориво (подготвени да создадат огнен ѕид) и во последниот ред со две линии со густа концентрација на противтенковски орудија. Во вториот ред од борбениот распоред по длабина имале линија на ровови исполнети со бетонски утврдувања со групирана пешадија и повеќе тенкови. Третата одбранбена линија главно била составена од оклопни единици зад кои биле развиени маневарските состави.





**Постигнати резултати**
Биле потребни само 4 дена да се порази ирачката војска, Садам Хусеин да се повлече од Кувајт и да се принудат на безусловна капитулација. Целосниот пораз на ирачката армија во Кувајт, во најголем дел бил последица на огромниот притисок од страна на сојузничките сили. Разорните воздушни напади врз територијата на Ирак во тек на повеќе од еден месец, всушност го имале токму тоа за цел. Ракетирањата и бомбардирањата биле со „хируршка“ прецизност, со постојани бранови на налети на бомбардерската авијација и со крстаречките ракети „Tomahawk“, лансирани од бродовите на воената морнарица на САД, со цел уништување на воеиндустрискиот потенцијал на Ирак. Воздушната фаза на операцијата, систематското бомбардирање на индустриските центри – хемиските фабрики, нуклеарните истражувачки центри, фабриките за оружје, складиштата и др., систематски го уништиле ирачкиот систем кој веќе не можел да одговори на потребите на ирачката армија во Кувајт. И сите патишта и мостови од Ирак кон Кувајт биле цел на нападите на сојузниците. Само во првите 7 часа од операцијата биле извршени повеќе од 750 авиополети на сојузничката авијација, а по 14 часа веќе биле остварени повеќе од 1.000 авиополети. Воениот врв на американските вооружени сили во Пентагон многу прецизно ги подготвил деталите за нападите. Како резултат на таквата подготовка, сите воздухопловни бази на Ирак биле оштетени и повеќе од 50%, пистите за полетување и слетување во поголем дел биле уништени. Противничката авијација не добила ни шанса да ги напушти воените бази. И оние ирачки авиони кои ги избегнале ваквите прецизни напади, се упатиле кон Иран. Меѓу првите цели за воздушен напад од страна на сојузниците биле сите воздухопловни бази, радарите и комуникациските центри. После првите 3 дена од нападите, дури 70% од тие капацитети веќе не биле оперативни. Со овие напади била уништена ирачката флота од околу 690 борбени авиони: „Mirage F-1EQ“ и „EQ5“, „SU-20“, „24 и 25“, и авиони „MiG“ од типот 21, 23, 25 и 29, како и хеликоптери од типот „Mi-24“. Како резултат на сево ова било што 2 седмици пред отпочнување на копнената офанзива, ирачкиот експедициски корпус во Кувајт веќе бил потполно отсечен од својата логистичка поддршка и комплетно изолиран. На сличен начин била изолирана и ирачката команда во Кувајт, со уништување на поголем број комуникациски центри.

**Копнен маневар**
На 23 февруари 1991 г. стотици илјади американски и сојузнички војници навлегле на териториите на Ирак и на Кувајт од Саудиска Арабија, каде биле стационирани за време на ирачката инвазија врз Кувајт претходната година. Сојузничкиот копнен маневар започнал на 3 различни правци. Во Кувајт, по два правци навлегле американски и британски сили, а на третиот правец, во

Ирак, навлегле француско-американски сили со широк опфатен маневар. Веќе првиот ден од копнениот напад се сметало дека победата припаднала на сојузничките сили, кои за само еден ден ги исполниле зададените задачи кои Главниот штаб претпоставувал дека ќе бидат извршени за 3 дена. На вториот ден од нападот веќе било јасно дека мисијата е исполнета. На третиот ден замката за ирачките сили во Кувајт, како и за Републиканската гарда била затворена. Американската армија избила на брегот на реката Еуфрат, блокирајќи ја Републиканската гарда да се повлече на ирачка територија. Ирачките дивизии во Кувајт биле неутрализирани. По четвртиот ден од битката, огнот на сојузничката армија стивнал, а Кувајт бил ослободен. Многу единици на ирачката армија дезертирале. Ирак прифатил прекин на огнот на 28 февруари. Претседателот на САД, Џорџ Буш, не ги прифатил советите на неговите советници, американската армија да се упати на север кон Багдад и да го симне од власт ирачкиот диктатор Садам Хусеин, со објаснување дека со тоа не би се согласиле останатите членови на коалицијата, особено арапските држави.

**Соодноc на силите**

На таквата сила во напад, во состав на коалициските силе, учествувале околу 415.000 војници на САД (245.000 во состав на копнената војска, 50.000 припадници на воената морнарица, 75.000 од составот на поморско-десантните сили и 45.000 припадници на вое映ото воздухопловство), заедно со уште 265.000 сојузнички. Забележителна била употребата на американскиот „невидлив“ авион „Lockheed F-117“, кој летал над ирачкото небо пред почетокот на воздушните напади. На почетокот на операцијата „Desert Storm“, ноќта на 17 јануари 1991 г. ирачките радари биле заслепени со мноштво противелектронски средства, било оневозможено нивно функционирање и сојузничките авиони биле „невидливи“. Тоа им олеснило своите задачи да ги извршат со голема прецизност. Од друга страна, голема била прецизноста и на крстаречките ракети „BGM-109C Tomahawk“, лансирани од носачите на ракети „Missouri“, „Wisconsin“ и неколку подморници од составот на американската воена морнарица во Црвеното Море. Но, во почетните авионалети, во првите 12 часа, за 3 авиони („1 F/A-18“ од американскиот носач на авиони „Saratoga“, 1 британски „Tornado GR1“ и 1 кувајтски „A-4KU“) било јавено дека им се изгубила трага. „F/A-18“ и „A-4KU“ биле погодени од ракети „земја-воздух“, а „Tornado“ имал проблем со запален мотор.

Со продолжувањето на воздушните напади, неколку ирачки ловци се впуштиле во воздушен двобој, но без некаков успех. Превласта во воздушниот простор на сојузниците им ја овозможила борбената авијација составена од „Jaguar“ и „Mirage FICR“, француски и британски, британскиот „Tornado“, американскиот „F-111“, кои имале главна улога во уништувањето на ирачките аеродромски писти и сообраќајници, како и при уништување на радари, утврдувања, бункери и складишта за муниција, употребувајќи противрадарски ракети и муниција со ласерско и ТВ-наведување. За тајно воздушно извидување биле употребени американските „Stealth F-117A“.

Од составот на ирачките тенковски единици, околу 700 биле модел „Т-62“. Тенковите „Т-54“, застарен модел, биле вкопани по предната линија на одбраната. Сојузниците настапувале со американските „Abrams M1“ (со топ 105mm.) и „M1A1“ (со топ 120mm.), британскиот „Challenger“ (со топ 120mm.) Во составот на оклопните единици поседувале транспортери BMP, MTLB и BTR. Наспроти нив, Американците ги употребиле своите борбени возила „VCI Bradly“, „Warrior“ и амфибиските возила „LVT7A1“ (во состав на морнаричката пешадија). Во состав на артилеријата Ирачаните имале топови 155 mm (француски „GCT“, јужноафрикански „G-5“ и австриски „GHN-45 Norincum“) и повеќецевни ракетни фрлачи „BM-21“ 122 mm. Во состав на противтенковските единици имале современиѕ орудија: ракети „Milan“, „Hot“, „AS 11“ и „AS 12“ (на хеликоптери). Противвоздушната одбрана била обезбедена од батерии SAM-6, SAM-8 и француските „Roland“, како и топови 23 mm/4 ZSU поврзани со радарите „Gundish“.

Наспроти таквиот состав, главната цел на сојузниците била извршување на мисијата со што помалку жртви, користејќи многу силен воздушен напад, кој не губел на интензитет со денови. Важна цел за сојузниците била неутрализирање на Садамовата Републиканска гарда, развиена во реонот Басра, северно од Кувајт, која со своите 5 дивизии (само една во Багдад) и 3.000 тенкови, претставувала основа на ирачката армија. Во анализата на вооружувањето и опремата во составите на сојузничката и во ирачката армија, карактеристична е големата разлика. Сојузниците настапувале со современа опрема од последната генерација на вооружување. Иако американската, британската и француската армија немале исто вооружување, сепак немало никакви логистички проблеми, пред сè, затоа што секоја од нив имала свој ланец на снабдување и одржување. Во ирачката армија опремата била разновидна, и по потекло и генерациски, што наметнувало потреба од сложено снабдување, особено за време на воздушниот напад кога повеќето патишта биле уништени.

Противтенковската борба била водена со хеликоптери и авиони од типот „Thunderbolt II“. Французите во својот состав имале хеликоптери „Gazelle HOT“ (со 4 ракети со дострел до 4,8 км), Американците имале „Huey Cobra“ („Bell“) (со осум ракети „Tow“), „Apache AH-64“ (со 16 ракети „Hellfire“).

М.С.





# Намената и улогата на беспилотните летала во современото војување

Беспилотно летало (БПЛ), англ. Unmanned aerial vehicle - UAV или популарно наречено дрон, е воздухоплов кој го управува навигатор, пилот со далечински пренос на сигнал од земја или кој лета самостојно по претходно внесени податоци

БПЛ најмасовно се употребуваат во воени цели, но исто може да се употребуваат и во цивилни цели. Најчесто се направени за повеќекратна употреба и по сите правила се дефинираат како и останатите воздухоплови, со таа разлика што овие воздухоплови се без пилот и без посада. Постојат и БПЛ за еднократна употреба кои се познати како „камикази", и тие се многу поевтини, поедноставни, полни со експлозив и се користат за уништување на особено важни цели. БПЛ може да се користат и како цели за гаѓање со средствата за противвоздушна одбрана во процесите на обука и извежбување. Структурната и аеродинамичната конструкција на БПЛ е идентична како кај хеликоптерите и авионите кои се управувани од пилот и најчесто се проектираат и се изработуваат како авиони, а поретко како хеликоптери. Постојат БПЛ кои според принципот и техниката на полетување се идентични како и воздухопловите со кои управува пилот, но постојат и таков тип на БПЛ кај кои летот започнува со катапултирање, а приземјувањето се врши со помош на падобран. Управувањето со истите најчесто е комбинирано, односно со управување со помош на контролна станица од копно, додека одредени делови и параметри за летот се однапред зададени и меморирани. Првенствена намена на БПЛ беше да извршуваат шпионски и извидувачки мисии, меѓутоа тие сè повеќе се употребуваат и за извршување на директни борбени задачи. Со развојот на технологијата во сите аспекти и фактот дека одредени работи кои пред неколку децении можевме да ги гледаме само во научно-фантастичните филмови, а денес претставуваат реалност, за очекување е дека следната генерација на борбени авиони од 6. генерација ќе бидат беспилотни или со алтернативна можност со посада или без посада. Покрај тоа што БПЛ најчесто се користат во воени цели, од ден на ден се зголемува нивната употреба и во цивилни цели за откривање и борба со огнени стихии, аероснимање, набљудување на подрачја загрозени со поплави, движење на животинскиот свет, во системи за видеообезбедување, во научноистражувачки цели и во испорака на пакети.
Класификацијата на БПЛ се врши според повеќе фактори. Според *Европската асоцијација (European*

*Association of Unmanned Vehicles Systems - EURO UVS)* БПЛ се класифицираат според автономија, надморска висина на лет, максимална тежина на полетување, брзина, големина итн. **Според начинот на управување** се делат на: неуправувани; автоматски управувани и далечински управувани од страна на пилот во статична станица или мобилно возило. **Според тежина, траење и висина на лет** се делат на: „микро“ со тежина до 10 кг. и автономија на лет околу 1 (еден) час и радиус до 1 км; „мини“ со тежина до 50 кг. и автономија на лет од неколку часа и радиус од 3 до 5 км; „миди“ со тежина до 1.000 кг. и автономија на лет од 10 до 12 часа и висина од 9 до 10 км; „тешки“ на висина до 20 км. и автономија на лет поголема од 24 часа.

Според Министерството за одбрана на САД, БПЛ се делат на пет категории:

| | Категорија 1 | Категорија 2 | Категорија 3 | Категорија 4 | Категорија 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Големина** | мали | средни | големи | поголеми | најголеми |
| **Максимална тежина на полетување** | < 9.1 kg | >9,1&<25кг | >25&<600кг | >600 kg | >600 kg |
| **Оперативна висина** | < 370 m | < 1,100 m | < 5,500 m) | < 5,500 m) | > 5,500 m) |
| **Брзина** | < 190 km/h | < 460 km/h | < 460 km/h | Any speed | Any speed |

Останати категоризации се:

**Според дострел и издржливост**

| | Многу мал дострел | Мал дострел | Краток дострел | Среден дострел | Голем дострел |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дострел (km):** | < 5 | > 5 & < 50 | > 50 & < 150 | > 150 & <650 | > 650 |
| **Издржливост(hr):** | 0.5 – 0.75 | 1–6 | 8–12 | 12 – 36 or 48 | > 36 or 48 |

Обично има четири категории кога БПЛ се класифицирани по големина, при што барем една од димензиите (должина или распон на крилат) ги исполнува следните соодветни ограничувања

| | Микро/многу мали БПЛ | Мини/мали БПЛ | Средни БПЛ | Големи БПЛ |
|---|---|---|---|---|
| Должина/распон на крилја | < 50 cm | >50 cm & < 2 m | 5 –10 m | > 10 m |

**Тежина**
Врз основа на нивната тежина БПЛ можат да се класифицираат во 5 категории:

| | Нано | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Тежина:** | < 250 gm | >= 250 gm & <02 Kg | >= 02 Kg & <25 Kg | >= 25 kg & <150 Kg | >=150 kg |

БПЛ најчесто се употребуваат за: извидување, набљудување, собирање и пренесување на разузнавачки податоци од воздушниот простор и од копно во реално време и за меморирање на податоците; борбени дејства „воздух-воздух“, „воздух-копно“ и електронско војување во високо ризични мисии; како „цел“ каде симулира непријателски авион или ракета во процесот на обука и извежување на гаѓање „земја-воздух“ или „воздух-воздух“; експериментална, односно за развој и истражување на нови и напредни технологии; цивилна, економска и комерцијална употреба за широк спектар на задачи; за карго-пренос и други логистички операции.

**Улогата на БПЛ во современите војни**

Од стекнатите искуства од поголемите воени судири кои се случија последниве години во светот, конкретно во Сирија, Либија и Нагорно Карабах, може да се заклучи дека БПЛ ќе имаат сѐ поголема и позначајна улога во воените конфликти, а посебно ако се земе предвид фактот дека некои БПЛ се релативно евтини и чинат од неколку илјади евра до неколку десетици илјади евра, а можат да уништат системи кои чинат повеќе стотици, дури и милиони евра. БПЛ, како бавни летечки објекти во воздух претставуваат вистинска закана и „ноќна мора“ за непријателот и нивните противвоздушни системи, бидејќи е тешко да се елиминираат или да се соборат. За очекување е дека во идниот развој на вооружувањето во сложените борбени копнени, воздушни и поморски системи ќе има сѐ помалку луѓе во истите. Во прилог на тоа се најавите за развој на борбени возила за пешадија и тенкови кои ќе бидат без посада, како и повеќенаменски борбени авиони,



па дури и подморници. Секако, со тие средства и системи ќе мора да управува и човек, меѓутоа улогата ќе биде суштински заменета и наместо во борба, посадите ќе бидат далеку во позадината на фронтовите, заштитени и сигурни во нивните командни центри. Употребата на БПЛ на бојното поле е од огромна важност и предност од неколку аспекти, и тоа:

1. Подобро извидување, набљудување и одредување на целта.
Информациите и податоците кои се обезбедени со помош на БПЛ, а кои се однесуваат на непријателот (точната локација, движење, активност итн.) и состојбата на теренот, може во реално време да се проследат до командните центри, а со тоа командантите да донесат правилна и навремена одлука. Во споредба со авионите на голема височина, беспилотните летала можат да снимаат поблиски снимки, без да го загрозат квалитетот и на фотографиите и на видеото.

2. Намалени трошоци
Дроновите се поевтини од конвенционалните авиони и во однос на цената и на одржувањето. Бидејќи беспилотните летала се без екипаж, тие исто така го намалуваат ризикот пилотите да бидат повредени среде лет.

3. Зголемени можности
Во споредба со конвенционалните авиони, беспилотните летала се полесни и побрзи за распоредување. Тие се полесни за ракување и не им треба толку обемна обука како на повеќето авиони. Исто така, на многу беспилотни летала не им е потребна писта, а другите видови лесно можат да се вклопат во ранец.

4. Зголемена безбедност
Операторите на дронови можат да обезбедат информации во реално време, без да се изложуваат на ризик.

5. Зголемена флексибилност
Војниците на бојното поле секогаш и во секој момент треба да бидат подготвени на секаква ситуација. Воеоиндустриските комплекси имаат развиено технологија која дава приоритет на оваа потреба, а беспилотните летала се најдобар пример за тоа. Покрај тоа, некои беспилотните летала можат да бидат и целосно автоматизирани. Денес, многу воени индустрии развиваат технологија за беспилотни летала интегрирана во повеќе воени програми ширум



светот. Тие обезбедуваат многу придобивки и предности што ги прават исклучително корисни за различни улоги. Како резултат на тоа, повеќе воени сили бараат да користат беспилотни летала за да го зголемат својот борбен, извидувачки и набљудувачки капацитет.

Најчестите улоги кои ги исполнуваат БПЛ се: извидување - беспилотните летала можат да вршат извидувачки и набљудувачки мисии со лебдење над област подолг период; команда и контрола – беспилотните летала можат да пренесуваат клучни информации за движењата на непријателот, за локациите и за позициите на стратешките цели; борбена поддршка – беспилотните летала играат огромна улога во извршувањето на борбени и борбени мисии за поддршка. Вградениот софтвер за таргетирање им овозможува на операторите да ги погодат своите цели со поголема прецизност и точност; извежбување – БПЛ може да се користат и за извежбување и обука од страна на операторите за да се подобри нивната прецизност. Вградениот софтвер за таргетирање на беспилотните летала е приспособлив за автоматско откривање и одговор на цели; логистика – беспилотните летала може да се користат како воеоиндустриски курири и да помогнат во испораката на вредни материјали и опрема. Тие, исто така, можат да помогнат во евакуацијата на повредениот персонал.

Марјан Кировски





# Воена дисциплина

Дисциплината е поим кој потекнува од латинскиот јазик (disciplina) и означува збир на прописи што го определуваат начинот на одржување на редот и поредокот во еден колектив. Самиот поим дисциплина е универзален и интердисциплинарен поим, кој наоѓа примена во најразлични општествени и научни области, па така се разликуваат: професионална дициплина, работна дисциплина, спортска дициплина, дисциплина во сообраќајот, научна дициплина, воена дисциплина итн. Воената дисциплина според Прирачникот за општовоена обука се дефинира како „Точно, потполно и навремено извршување на воените и други должности на вооружените сили, во согласност со законот, правилото за служба и другите прописи и наредби на надлежните старешини“. Борко Николовски во „Основи на военото раководење“, дисциплината ја дефинира како ,,Свесно извршување на задачите и наредбите на претпоставените старешини, почитување на пропишаниот ред, на вообичаените норми и на военоорганизациските и законските прописи“. Постојат две основни компоненти кои ја градат структурата на воената дисциплина, и тоа: процесот на воената дисциплина и состојбата на воената дисциплина.

Воената дисциплина според Прирачникот за општовоена обука се дефинира како „Точно, потполно и навремено извршување на воените и други должности на вооружените сили, во согласност со законот, правилото за служба и другите прописи и наредби на надлежните старешини“

Воената дисциплина е процес со образовно-воспитно влијание, кое има цел формирање на професионална свест кај воените лица. Самиот процес започнува со воспоставување на односот претпоставен – потчинет (лидер – следбеник), каде што лидерот преку приемот, обуката, оспособувањето и воспитувањето на војниците или потчинетите, влијае врз формирање на нивната професионална свест. Процесот на воената дисциплина секогаш има индивидуален карактер, се однесува на секоја индивидуа посебно, содржи психолошки момент на проекција на свест кој најчесто е траен, бидејќи е поврзан со изградени ставови и навики на една личност во рамките на воената средина. За постоењето на индивидуалниот карактер во процесот на дисциплината може да се види низ дефиницијата за дисциплина според Стивен Р. Ковеј, според кој „Дисциплината го претставува извршниот дел, односно принципиелно изведување на конкретна активност за постигнување на конкретна цел преку изразување на цврстината на карактерот, упорноста и волјата, независно од моменталните психофизички оптоварувања“.

Од посебна важност е да се направи разлика помеѓу образовниот и воспитниот сегмент, бидејќи во практика честопати среќаваме добро обучени војници кои се недоволно воено воспитани и демонстрираат недисциплинирано однесување, и обратно, одлично воспитани и дисциплинирани војници кај кои обученоста не е на соодветното ниво. Секој старешина истовремено има и наставно-воспитна функција, каде што преку наставната функција го реализира образовниот дел кој се состои од збогатување на една личност со знаења,



Воената организација, како и секоја друга организација, поради обезбедување на почитување на работната дисциплина, има разработен механизам на санкции, кој преку примена на дисциплински мерки има цел да изврши наметнување и одржување на дисциплината. Дисциплинските мерки не се единствениот начин на наметнување и одржување на воената дисциплина, туку тие се само една алатка, еден метод на присилно влијание, кој треба преку предизвикување на чувство за вина и одговорност да ја активира совеста и да ја поттикне волјата за поправање



и воспитна функција, која настанува помеѓу воспитувачот и воспитаникот, а се однесува на свесно, намерно, систематско и организирано влијание на формирањето на една личност. Затоа, една од задачите на воеhistoното воспитување е развивање на високо морални квалитети и кај поединецот и кај единиците: храброст, одлучност, упорност, дисциплинираност, активност, иницијатива, меѓусебна доверба, другарство и колективен дух. Воената дисциплина е состојба која настанува како резултат на однесувањето на сите припадници во воениот колектив, најчесто е со променлив карактер, со тенденција за зголемување или намалување на дисциплината на колективот во целост.Воениот колектив претставува организирана, единствена група на луѓе со строга субординација во односите, прецизна распределеност на луѓето по формациски должности, со прецизна распределба на работата и меѓусебно утврдено содејство на различни делови, со единствена цел – цврсто организациско и идејно поврзување со многу интеракциски кохезивни врски и динамичко делување на сите сегменти и цврсти органи на раководење (Hunter Sr, K.W, & Murdoch.J. O, Engineering Leadership). Состојбата на воената дисциплина е колективни карактеристика, бидејќи воената организација и воените единици се колетивни организации, каде што



поединецот дава само индивидуален придонес кон колективот, чиешто однесување и постапување може да се толкува како дисциплинирано или недисциплинирано. Затоа, во образовно-воспитниот процес, од посебно значење е старешините кај секој поединец да создадат колективна идентификација која се постигнува преку уверување, вежбање, поттикнување, критика и присилување.
Дисциплираниот однос на индивидуите во рамките на еден колектив, водејќи се од лични интереси и мотиви, секогаш покажува променлив однос кон воената дисциплина како состојба, во зависност од мирновременските или воени услови на функционирање. Во мирновременски услови, кога не постои непосредна опасност по животот и здравјето на војниците, индивидуалниот пристап кон воената дисциплина најчесто е воден од личен интерес и од одредени придобивки (висината на платата, поставувањето, унапредувањето, стимулативните мерки, работното место, кариерата и друго), така што постои пропорционалност помеѓу интересот и залагањето на поединецот. Колку што интересот е поголем, толку и почитувањето на нормативот на воената дисциплина ќе биде поголем.
Во услови на безбедносна криза или војна, кога постои непосредна опасност по животот и здравјето на војниците, интересот за почитување на воената дисциплина се намалува, бидејќи се активира нагонот за преживување, така што се создаваат услови за недисциплинирано однесување на поединци, така што доаѓа и до намалување на нивото на колективната дисциплина. Воената дисциплина, во услови на безбедносна криза или војна, директно зависи од умешноста на лидерот во процесот на военото дисциплинирање да вградува повисоки мотиви како трајни вредности (патриотизам, храброст, пожртвуваност, другарство, морал итн.), затоа што луѓето секогаш се подготвени да дадат максимум од себе и да се жртвуваат кога се водени од лидер на којшто му веруваат и кога се уверени во исправноста на неговите идеали.
Во минатото честопати се забележани формации кои во нивното секојдневно однесување имаат ниско ниво на дисциплина, додека за време на водење на борбени или воени дејства истите покажуват врвна дисциплинираност и послушност.Токму поради горенаведеното, во процесот на военото воспитување како сегмент од посебно значење е наведено моралното воспитување како процес на градење на морална свест, поглед на светот, морални ставови  и убедувања, вежбање во морално постапување и делување, развивање на карактеристиките на волјата и карактерот на личноста, развивање на морални чувства и општествена  морална одговорност и совест.
Воената организација, како и секоја друга организација, поради обезбедување на почитување на работната дисциплина, има разработен механизам на санкции, кој преку примена на дисциплински мерки има цел да изврши наметнување и одржување на дисциплината.
Дисциплинските мерки не се единствениот начин на наметнување и одржување на воената дисциплина, туку тие се само една алатка, еден метод на присилно влијание, кој треба преку предизвикување на  чувство за вина и одговорност да ја активира совеста и да ја поттикне волјата за поправање. Андре Гаве, во неговата книга „Вештина на командувањето“, истакнува дека „Основата на моќта на дисциплината се состои во средствата за казнување, меѓутоа средствата за казнување не се средства за воспитување и командување, затоа што дисциплината без воспитен карактер ќе личи само на стап кој е подготвен да удри во секој момент, состојба во која потчинетите ќе прибегнат кон прикривање на сето она што го работат. Единиците во кои добро се командува, казнувањето е реткост, зачестеноста на казнувањата е показател на отсуство на авторитет, показател на отсуство на способност за командување, особено во мирновременски услови кога задачите не бараат големи напори, затоа што во услови на војна, средствата за казнување ќе бидат премногу благи во однос на жртвите што ќе ги барате од потчинетите. Старешината треба да биде морален старешина, затоа што народот ви ги доверува своите деца да ги научите на најчесната граѓанска должност, а тоа е одбрана на земјата“.



Виктор Крстевски

Во организација на македонската Алумни-асоцијација на Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ Маршал“, а како дел од проектот спонзориран од Одделението за јавна дипломатија на НАТО, на 25 февруари во Велес беше одржана завршната работилница под наслов „Дезинформациите и лажните вести како закана за современите демократски општества – студија на случај на градот Велес“




# Дезинформациите и лажните вести – студија на случај на градот Велес

Модератор на работилницата беше м-р Билјана Поповска, претседател на Асоцијацијата, а презентери беа д-р Стојан Славески, еден од основачите на Асоцијацијата, д-р Игор Гелев, член, и Убавка Јаневска, новинар. На настанот присуствуваа околу 20 лица, главно од помладата популација, претставници од невладини организации, министерства и владини агенции.

Оваа последна работилница беше фокусирана на тоа како да се препознаат и како да им се спротивставиме на лажните вести и дезинформациите. Градот Велес не беше случајно избран како место на одржување на настанот, бидејќи, според пишувањата на светските медиуми, во одреден временски период градот Велес во Македонија, стана синоним за наратив за град во кој се создаваат и се шират лажни вести. Поконкретно, според извештајот, во периодот непосредно пред и по изборите, во САД во 2016 година, групи млади луѓе креирале, копирале и споделувале лажни вести преку социјалните мрежи во Велес.

Презентерите, д-р Стојан Славески и д-р Игор Гелев, експерти од областа на безбедноста, преку своите презентација им објаснија на присутните што се лажни вести, а што се дезинформации и колку и како истите можат да влијаат врз безбедноста во едно општество.

Тие, исто така, зборуваа и за говорот на омраза, за пропагандата и за начините на кои се создаваат лажните вести и дезинформациите и која е најчесто нивната намера и цел. Беше појаснето како најчесто се креираат дезинформациите и лажните вести преку сајбер-просторот и како можат да се препознаат.

Новинарката Убавка Јаневска најексплицитно го објасни случајот со младите луѓе од Велес, кои можеби несвесни за ефектот што ќе го направат, од економски побуди, влегоа во црните лавиринти на ширењето дезинформации и лажни вести. Таа посочи дека децата се еден вид жртва и дека се искористени од страна на други лица и држави, со конкретни намери да извршат влијание врз изборите во САД. Како новинарка со долгогодишно искуство, таа во своето излагање, конкретно, преку примери, појасни како се препознаваат лажните вести, но и како треба да се информира јавноста, кои се правилата и принципите на квалитетното новинарство.

Заклучокот од оваа работилница беше во насока на решавање на проблемот преку едукација и соработка со младата популација, преку комбиниран пристап на информирање и едуцирање околу појавата, мотивите, штетните последици, но и заедничкото справување со појавата и процесите на создавање и овозможување на ширење на дезинформациите и лажните вести.

Работилницата предизвика голем интерес кај учесниците од помладата популација и беше задоволство да се видат младите луѓе како споделуваат свои размислувања на темата и активно учествуваат за време на настанот, со што се потврди успешноста на овој проект. Видеоматеријалот кој беше презентиран на работилницата ќе биде искористен во Младинскиот дом во Велес за потребите на нивниот проект за медиумска писменост. Оваа работилница беше потврда дека Маршал-центарот во Македонија продолжува со својата посветеност да придонесе кон создавање на поотпорно демократско општество.

Валентина Пандиловска

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**



# ЖЕНИ
# АРМИ



# ИТЕ ВО
# ИЈАТА

# Антиматеријална пушка „Barrett M82A1“

Намената на антиматеријалните пушки е борбено дејствување по приземјени авиони и хеликоптери, воени транспортни возила, лесно оклопни возила, радарски системи, телекомуникациски системи и командни позиции, по плутачки противбродски мини или други експлозивни уреди, но и врз непријателска жива сила на големи далечини.
Пушката „Barrett M82A1“ припаѓа во групата на оружја со полуавтоматско дејство и го користи принципот на кратко повлекување на цевката и бравење со ротација на затворачот. Како накратко изгледа еден циклус на истрел со „M82A1“? Кога куршумот ќе се испука, создадената повратна енергија ја придвижува цевката station назад. Цевката што се движи station назад, исто така го поместува и носачот на затворачот station назад. Како што се движат station назад, главата на затворачот со ротирање се одбравува и чаурата од куршумот се извлекува од цевката и се исфрла од пушката. Притоа затворачот е целосно извлечен, а механизмот на пушката (од чкрапалото) се запнува за дејство. Кон крајот на движењето station назад, носачот на затворачот го потиснува главниот одбојник со повратната пружина, кои од притисокот се компресирани кон задниот дел од кунадакот. Кога ќе заврши циклусот на повлекување, одбојникот со повратната пружина почнуваат да се движат напред (во првобитна состојба), притоа потиснувајќи го носачот на затворачот и затворачот да се движат напред. При ова нивно движење напред се внесува нов куршум во цевката и главата на затворачот се забравува, а оружјето е подготвена повторно за стрелба.
За расклопување на пушката при чистење не е потребен никаков алат, додека за полесен транспорт пушката се разделува на 2 системски целини. Пушката „M82A1“, всушност, е составена од 2 системски целини кои помеѓу себе се спојуваат со 2 чивии. Едната целина е горниот сандак во чиј склоп се: заден и преден механички нишан (кои се склопуваат), шина за поставување на оптички нишани, рачката за носење, повратниот механизам на цевката (со 2 пружини) и цевката со гасната кочница. Втората целина е долниот сандак во чиј склоп се: кундакот со повратниот механизам за амортизација во него, чкрапалото се неговиот механизам, носачот на затворачот и затворачот со ударната игла и двоножните приспособливи ногарки. Инаку, горниот и долниот сандак од пушката се изработени од пресуван челичен лим кој поседува антикорозивна заштита. Исто така, тука припаѓа и рамката за муниција. Стандарната рамка за муниција е изработена од пресуван челичен лим со капацитет од 10 куршуми, но развиена е и верзија со капацитет од 12 куршуми.
Над ракофатот од левата страна на сандакот е поставен лостот на кочницата која лесно се манипулира со палецот, додека од десната страна има само индикатор за позицијата (fire, safe).
Шината за поставување нишани е по стандардот „MIL-STD-1913“ и на неа може да се поставува палета на дневни и ноќни оптички нишани, но во американската армија најчесто се користи оптичкиот нишан „Leupold 4.5-14x50 Mark 4“. Од компанијата „Barrett“ за нивните пушки го нудат специјалниот оптички нишан опремен со балистички компјутер BORS (Barrett Optical Ranging System).
Тешката цевка на нејзината надворешна страна, по должината има жлебови кои помагаат во распределување на топлината и намалување на тежината на цевката. Внатрешно, цевката е хромирана и поседува 8 жлебови со десен од на ротација чијшто круг се затвора на 381 mm. За намалување на отскокот при стрелба, на предниот дел од цевката е поставена монтажна двокоморна гасна кочница која според производителот го намалува отскокот за 70%.
За потребите на пушката е развиен метален придушувач на истрел „Barrett QDL“, кој е изработен од челикот 4130. Придушувачот на истрел има должина од 376 mm, дијаметар од 64 mm и тежина од 2.2 kg, а успева звукот да го намали на 23 децибели.
По желба на корисникот, пушката „Barrett M82A1“ може да се постави на постаментите за митралези „M2“ и „M122“. Пушката повеќе пати успешно се докажала во воените дејства ширум светот, а војниците кои ја користеле се многу задоволни од сигурниот механизам на дејство во сите временски услови, од големата ударна моќ на проектилот и големиот ефикасен дострел, а во практика, благодарение на полуавтоматското дејство, за помалку од 10 секунди можат да се испукаат 10 куршуми. Поради оваа причина корисници на ова оружје се над 30 земји во светот.

Ивица Дамески






**Објаснување на пресек-сликата**

**Пресек-слика на „Barrett M82A1“**

1. Гасна кочница
2. Цевка со калибар 12.7 mm
3. Горен сандак со шина стандард MIL-STD-1913
4. Утврдувач
5. Глава на затворачот
6. Оптички нишан
7. Удирач на ударна игла
8. Одбојник
9. Повратна пружина за амортизирање на истрелот
10. Гумен потпирач за рамо за амортизирање на истрелот
11. Чивија за спојување на горниот и долниот сандак
12. Ракофат од кундакот



**13.** Ракофат

**14.** Кочница

**15.** Чкрапало

**16.** Дисконектор

**17.** Лост за запнување на механизмот

**18.** Рамка за муниција со капацитет од 10 куршуми

**19.** Продолжеток на ударната игла

**20.** Потиснувач на главата на затворачот

**21.** Ударна игла

**22.** Лежиште на куршумот во цевката

**23**. Дршка за носење

**24.** Утврдувач на позицијата помеѓу цевката и двете повратни пружини

**25.** Приспособливи ногарки

**26.** Повратна пружина од механизмот на цевката

| Тактичко-технички карактеристики на „Barrett M82A1“ | | |
|---|---|---|
| ВЕРЗИЈА | M82A1 | M82A1CQ |
| КАЛИБАР/МУНИЦИЈА | .50 BMG (12.7x99 mm) | .50 BMG (12.7x99 mm) |
| ДОЛЖИНА | 1.448 mm | 1.219 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 737 mm | 508 mm |
| ДОЛЖИНА НА ШИНАТА | 584 mm | 584 mm |
| ТЕЖИНА | 14.2 kg | 13.7 kg |
| БРЗИНА НА ПРОЕКТИЛОТ | Во зависност од тежина на проектилот од 853 m/s до 990 m/s | |
| ЕФИКАСЕН ДОСТРЕЛ | 1.800 m | 1.800 m |
| МАКСИМАЛЕН ДОСТРЕЛ | од 4.000 m до 6.812 m | |
| КАПАЦИТЕТ НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА | 10 куршуми | 10 куршуми |




# Беспилотно летало „Northrop Grumman RQ-4D Phoenix“

Системот за набљудување на Алијансата обезбедува разузнавачки, надзорни и извидувачки способности со целосен спектар за потребите на Алијансата. Системот врши постојан надзор со беспилотните воздухоплови на широки области, од голема височина, при долготрајни летови, со можност за оперирање на значителни растојанија и при какви било временски или светлосни услови. Користејќи напредни радарски сензори, овие системи детектираат и следат подвижни објекти низ набљудуваните области, како и опсервација на неподвижни објекти, а континуирано обезбедуваат радарска слика на областите од интерес. Комитетот за одбранбено планирање на НАТО уште во 1992 година започна со идеи и дискусии во однос на програмата. Во 2001 година, Северноатлантскиот совет одлучи да го ревитализира

> Системот за набљудување на Алијансата (познат како Alliance Ground Surveillance - AGS) вклучува беспилотни, далечински управувани воздухоплови од типот „RQ-4D Phoenix“

Системот за набљудување на Алијансата преку развојна програма. Таа требаше да му обезбеди на НАТО целосна и интегрирана способност за копнено надгледување, што ќе им понуди на Алијансата и нејзините земји членки неограничен и нефилтриран пристап до податоците за копнениот надзор во речиси реално време. Во февруари 2009 година, сојузниците на НАТО кои учествуваат во програмата го започнаа процесот на потпишување на Програмскиот меморандум за разбирање. Ова беше значаен чекор напред на патот кон реализација на итно потребната, оперативно суштинска способност. Агенцијата за управување со копнениот надзор (NATO Alliance Ground Surveillance Management Agency - NAGSMA) беше основана во септември 2009 година. На 20 мај 2012 година беше потпишан договор за набавка на системот, како способност што ќе биде достапна за сите земји членки на НАТО. Главниот договор за системот беше доделен на компанијата „Northrop Grumman“. Од 2016 до 2019 година се одржаа голем број пробни летови со цел понатамошен развој и тестирање на способностите на системот, а во текот на 2018 и 2019 година беше поставена привремена инфраструктура во главната оперативна база во Италија. Првиот од петте авиони „RQ-4D“ слета на 21 ноември 2019 година (по полетувањето од воздухопловната

база во Калифорнија, САД). Авионот слета во базата во Италија после 22-часовен лет. Предавањето на целиот систем на формираните сили на НАТО започна во ноември 2020 година, почетната оперативна способност беше постигната на 15 февруари 2021 година, а целосното предавање беше завршено на 31 март 2022 година.

Системот е обезбеден од неколку членки на Алијансата, кои вршат анализа и доставување на информации и податоци во полза на сите членки на НАТО. Системот придонесува за реализација на голем број мисии како што се: заштита на копнените сили и на цивилното население, гранична контрола, поморска безбедност, борба против тероризмот, управување со кризи, хуманитарна помош, како и поддршка на командантите на распоредените сили во кризните и во завојуваните подрачја (дава сеопфатна слика за ситуацијата на теренот, обезбедувајќи им податоци во делот на разузнавањето, надзорот и извидувањето). Главната оперативна база за системот е лоцирана во Италија (Sigonella Air Base), со двојна намена како заеднички разузнавачки, надзорен и извиднички центар за експлоатација на податоците и центар за обука. Исто како што НАТО AWACS-авионите за рано предупредување и контрола го следат воздушниот простор, овој систем ќе биде во можност да набљудува што се случува на површината на земјата, пред и по операциите на НАТО. Може да „скенира“ терен од 100.000 км2 на дневна основа, што би била област со големина на Јужна Кореја или Исланд. Беспилотното летало „RQ-4D Phoenix“ е модифицирана верзија на „RQ-4 Block 40 Global Hawk“ на американските воздухопловни сили (USAF). Модификациите биле извршени за да се исполнат специфичните барања на силите на НАТО. Тој има должина од 14,5 метри, висина од 4,7 метри, распон на крилата од 39,8 метри и тежина од 6.781 килограми. Максималната тежина за полетување на леталото е 14.628 килограми.

Главната оперативна база во Италија е домаќин на околу 400 припадници, а како дополнување се штабните елементи на системот за операциите со седиште во Сојузничката стратешка команда во Монс, Белгија, и во Сојузничката воздушна команда во Рамштајн, Германија. Овие сили ја спроведоа својата прва мисија во траење од непрекинати 24 часа, покажувајќи ги континуираните напори на тимот во разузнавањето, надзорот и извидувањето во насока на зајакнување на виталната способност на сојузниците. За да може беспилотното летало безбедно да лета, не само што е потребно да има добро обучени пилоти кои ќе бидат заменети по одреден временски период, туку и специјалисти за ИТ, кои обезбедуваат загарантирана сателитска и комуникациска врска помеѓу главната оперативна база во Италија и НАТО беспилотното летало „RQ-4D Phoenix“.




Системот за набљудување на Алијансата го обезбедија 15 сојузници на НАТО: Чешка, Данска, Бугарија, Естонија, Германија, Италија, Латвија, Литванија, Луксембург, Норвешка, Полска, Романија, Словачка, Словенија и САД. После прогласување на почетната оперативна способност на 15 февруари 2021 година, одговорноста за одржување на способноста на системот им беше пренесена на сите сојузници. По завршувањето на процесот и предавањето на средствата на НАТО, одговорноста за управувањето со програмите и поддршката премина на Агенцијата за поддршка и набавки на НАТО (NATO Support and Procurement Agency - NSPA). Ангажманот на заедничките фондови на НАТО за инфраструктура, комуникации, операции и поддршка ги следи вообичаените процедури за финансирање што се применуваат во рамките на Алијансата.

Јадрото AGS е интегриран систем кој се состои од воздушен сегмент, сегмент на земја и сегмент за поддршка. Воздушниот сегмент се состои од пет авиони на НАТО (RQ-4D Phoenix). Авионот е опремен со повеќеплатформска програма за вметнување радарска технологија и радарски сензори за следење на копно. Приземниот сегмент се состои од голем број копнени станици во фиксни  и преносливи конфигурации, способни да обезбедат поврзување со податочна врска и да обработуваат податоци. Овој сегмент обезбедува врска помеѓу основниот систем AGS и широкиот опсег на системи за команда, контрола, разузнавање, надзор и извидување (C2ISR). Се поврзува со повеќе распоредени и нераспоредени оперативни корисници. Сегментот за основна поддршка на AGS вклучува посебни капацитети за поддршка на мисијата во главната оперативна база во Италија.

Драган Павловски





# „ZBD-97/Type 97“ – пешадиско борбено возило на гасеници на кинеската армија

Возилото „ZBD-04“, познато уште и како „ZBD-97“, е борбено возило на гасеници на пешадијата (IFV), развиено за Кинеската народна ослободителна армија (PLA). Борбеното возило на пешадијата „ZBD-04“ беше воведено во копнените сили на кинеската армија во 2006 година

Возилото „ZBD-97/Type 97“ може да се употреби како независно возило, но може да се употребува и во комбинација со останати оклопни возила и со тенкови, како што се главните борбени тенкови Тип 96 и Тип 99. Обезбедува заштитен транспорт за пешадиско одделение, огнена поддршка за распоредената пешадија и може да изврши напади врз непријателски тенкови и оклопни возила. Исто така, покажува значајни амфибиски способности. Борбеното возило на пешадија „ZBD-04“ е распоредено од оклопните единици мобилизирани во воените региони Гуангжу и Нанџинг. Се произведува и како варијанта на оклопно возило за извлекување, кое е опремено со кран на врвот на трупот. Понатамошна подобрена варијанта се нарекува „ZBD-04A“. „ZBD-04“ се одликува со купола за двајца луѓе, поставена на средината на автохтоно развиениот труп. Куполата е слична како онаа на борбеното возило на пешадијата „БМП-3“, борбено возило на пешадијата од руско производство.

Дизајнот вклучува конвенционален распоред со заварен челичен труп. Возилото може да прими екипаж од тројца (командир, возач и нишанџија) и дополнително уште максимум седум војници. Моторното одделение кое се наоѓа напред на десната страна на возилото е одвоено со преграда од одделот за транспорт на војници кој се наоѓа во задниот дел на возилото. Делот од телото каде што се сместени војниците има два големи отвора на покривот и една излезна врата во задниот дел, три точки за набљудување, од кои две, по една од двете страни на трупот и една во излезната врата, се обезбедени за пукање. Пристаништата за пукање им овозможуваат на војниците да пукаат со пушки и лесни митралези од внатрешноста на возилото при движење.Возилото е амфибиско и е опремено со два големи приклучоци за водни млазници на задниот дел од возилото за брзо движење по вода. Водните млазници му овозможуваат на возилото да плива од амфибискиот воен брод до брегот. Хидраулично управувана бранова ограда поставена напред спречува прелевање на предниот дел на возилото за време на патувањето низ вода.

Главното вооружување е полуавтоматски топ 100мм/ракетен фрлач поставен на куполата. Двонасочниот стабилизиран вооружен систем може да испука и куршуми HE-FRAG и противтенковски

наведувани проектили 3UBK10 (ATGM- anti-tank guided missiles). Проектилите од типот HE-FRAG може да се испукаат со брзина од десет куршуми во минута со ефективен дострел од 4000 м. Противоклопниот проектил 3UBK10 ATGM може да уништува или онеспособува лесни оклопни воени возила, фортификациски објекти и хеликоптери во низок лет. Има максимален дострел од 4000 м. Во внатрешноста на куполата може да се сместат до осум проектили. Коаксијалниот автоматски топ од 30 мм служи како секундарно оружје. Може да испукува оклопно-пробивни куршуми (AP) и HE-FRAG со брзина од 300 куршуми во минута и дострел до 2000 м. На возилото е поставен коаксијален митралез од 7,62 мм. „ZBD-04“ е опремен со колективен систем за нуклеарна, биолошка и хемиска заштита (NBC), со филтер за воздух поставен на задниот крај на куполата десно. Заварениот челичен оклоп штити од мали оружја и шрапнели од гранати. Возилото го пропушта системот за активна заштита „ARENA-E“, поставен на модерната верзија на борбеното возило на пешадијата BMP-3, но се верува дека е опремено со сопствен систем за ласерско предупредување и контрамерки. Возилото „ZBD-04“ има и фрлач на димни гранати, две банки со по три цевки.

Три перископи се сместени кај носачите на капакот од отворот на возачот. Централниот перископ може да се замени со перископ што ја засилува сликата за целите на ноќното гледање. На предниот дел од оклопот на трупот се поставени два фарови. Главен нишан, комбиниран дневен или ноќен нишан со засилувач на слика и дневен нишан во подготвеност се обезбедени за нишанџијата. Командирот на возилото има дневен и комбиниран дневен и ноќен нишан со засилувач на слика. Системот за контрола на огнот интегрира балистички компјутер, електромеханички стабилизатор на вооружувањето (топот) и ласерски далечинометар.

Борбеното возило на пешадијата „ZBD-04“ се напојува со новоразвиен дизел-мотор со течно ладење кој обезбедува максимална брзина на патот од 65 km/h и брзина на пливање од 20 km/h. Возилото има максимален дострел од 500 км. „ZBD-04“ има шест патни тркала со три повратни ролери за поддршка на патеката, прикачени на предниот погонски запчаник од двете страни на возилото. Нерамномерно распоредените патни тркала имаат гумени подлоги. Првиот, вториот и шестиот пар тркала се опремени со хидраулични амортизери. На металните шини се поставени отстранливи гумени влошки за да се подобри удобноста при возењето на патниците.

Напредната верзија на „ZBD-04A“ е амфибиско оклопно борбено возило опремено со дополнителен, напреден оклоп, за да обезбеди отпор против ракетни гранати и противтенковски наведувани проектили. Предната шасија може да издржи оган од автоматски топ 30 мм, додека страните на трупот можат да понудат балистичка заштита од митралез и со калибар до 14,5 мм. ZBD-04A може да постигне максимална брзина од 75 км/ч. Може да ги користи своите патеки (гасеници) за да поминува реки и езера.

Покрај стандардната варијанта, од овој тип на борбено возило се изградени и други варијанти, меѓу кои се и варијантата „ZBD-04 HJ-8“ со дополнително средство за противоклопна борба, варијантата „ZBD-04A“ со дополнителна оклопна заштита и подобрени амфибиски способности, варијантата „ZBD-04A AT“ (AFT-10 Anti-Tank Missile Carrier), носач на противоклопни ракети, варијантата „ZBD-04A“, „Command Vehicle“, командни возила, „ZBD-04A“, „Combat Reconnaissance Vehicle“, борбено извидувачко возило, „ZBD-04A“, „Armored Recovery Vehicle“, оклопно возило за извлекување и „PLZ-07“ 122 мм, самоодна хаубица базирана на шасија од „ZBD-04“. Оператори на овие возила е Кинеската народна армија, со употреба од околу 3000 возила во повеќе варијанти.

Идриз Идризоски

| Спецификациите на оклопно борбено возило „ZBD-97/Type 97“ : | |
|---|---|
| тип на возило | борбено возило на пешадија |
| земја на потекло | Кина |
| должина | 7,2 метри |
| широчина | 3,2 метри |
| висина | 2,5 метри |
| максимална борбена тежина | 20 тони |
| вооружување | топ/лансер на ракети, секундарно 30 мм коаксијален автоматски топ 30 мм и коаксијален митралез 7,62 |
| погон | дизел-мотор со течно ладење |
| посада | 3+7 (возач, командир, нишанџија + 7војници) |
| автономија на опсег | 500 km |
| максимална брзина на пат | 65 km/h, пловење 6-8 km/h |



Руската инвазија на Украина на 24 февруари 2022 година и доминацијата на употребата на разни артилериски орудија и системи, како и останата артилериска опрема за набљудување и наведување на оган, отвора ново поглавје и пристап кон начинот на војување. Интензитетот на употребата од двете страни е драматично зголемен, дури и во однос на употребата на артилеријата во текот на Првата и на Втората светска војна




# Напредок и ефикасност на артилеријата

Со почетокот на воената агресија и сѐ помасовната употреба на артилеријата, конфликтот полека се претвораше во артилериски конфликт и во борба за превласт на артилеријата. Потребата од сѐ поголема ефикасност и прецизност повторно ја воведе и употребата на противбатериските радари со кои се лоцираат непријателски огнени позиции. Современата артилериска муниција која користи високоенергетски потисни експлозивни материи станува доминантна во однос на класичната артилериска муниција. Сѐ почеста е употребата на таканаречената „ВВ“ или „Base bleed“ муниција, која го зголемува дострелот на орудијата од 20 до 35%. Во суштина, се работи за инфилтриран гас во задниот дел на проектилот кој во текот на летот на проектилот дополнително го зголемува потиснувањето на истиот.

**„Ескалибур М982“ (Excalibur M982) 155 мм и „Квитник“ (Kvitnyk) 152 мм**

Прецизно наведуваната муниција сѐ почесто се употребува, и тоа за гаѓање на цели од голема важност или за високо исплатливи цели. Како пример за прецизно наведувана муниција ќе го земеме американскиот „Ескалибур М982“ со калибар од 155 мм, кој е еден од најнапредните наведувани артилериски проектили кои моментално се во употреба. Проектилот е плод на заедничка соработка помеѓу US Army Research Laboratory (ARL) и US Army Armament Research, Development and Engineering Center (ARDEC). Ефикасноста на проектилот е во границите од 4 м на крајниот дострел на проектилот. Дострелот се движи од 40 до 57 км. Освен со ласерско обележување, внесување на координати од целта на проектилот може да се наведува и следи со современите беспилотни летала. За споредба, во однос на ефикасноста, може да се каже дека наместо еден „Ескалибур“ проектил, во практика би биле потребни од 10 до 50 ненаведувани проектили за да се уништи целта. Наведувањето се одвива низ неколку форми и начини: со GPS, инерцијално, комбинирано или ласерски. Наведувањето со GPS овозможува во проектилот да се внесат координатите на целта, односно истиот да се програмира пред да се истрела. За време на летот, проектилот е заштитен од GPS-попречување. Во текот на инерцијалното наведување проектилот ја задржува балистиката при летот, и покрај попречувањата или потешкотиите со GPS-функционирањето, а дискутабилна може да биде само прецизноста. Комбинираното наведување е комбинација од двата начини. Ласерски наведуваната муниција е користена и од страна на украинските сили. Најчесто употребуван е проектилот од 152 мм „Kvitnyk“, кој може да се истрелува како од самоодната хаубица „2S3“, така и од влечната хаубица „D20“. Дострелот на проектилот е до 20 км.

**„КОБРА“ (COBRA) и „1L220UK“ („Zoopark 3“)**

Често споменуван и употребуван противбатериски радар е „КОБРА“ (COBRA-COunter Battery RAdar) Тој е заеднички проект на „Thales“, „Airbus Defense and Space“ и „Lockheed Martin“ за вооружените сили на Франција, Германија и Обединетото Кралство. Проектот е развиван за да се зголеми ефикасноста на артилериските единици по клучни цели како што се непријателските орудија на артилеријата кои се постојана закана на боиштето за сите инволвирани фактори. Перформансите на радарот прават сѐ уште да го носи приматот на најефикасен радар за детекција и лоцирање на непријателска артилерија во светски рамки. Има интегрирани и напредни системи за командување, контрола и комуникации. Основната задача му е да ги лоцира огнените позиции на непријателските минофрлачи, ракетни системи и позиции на артилериските батерии. Дострелот на детекција може да достигне и до 100 км, така што истиот може да ги лоцира и да ги класифицира позициите на непријателските артилериски батерии до 40 артилериски батерии за период од две минути. Може да се употреби и во мировни операции и мисии, со тоа што би детектирал нарушувања на прекини на оган помеѓу завојуваните страни. Во текот на детекцијата радарот може да направи минимална грешка во лоцирањето на непријателските позиции од само 10 м на далечина, на детекција од 20 км. Аголот на покривање му е 90 степени на 40 км, што би одговарало на 1200 км2. Радарот користи принцип на електронско скенирање по азимут и елевација. Украинската армија користи и радар од типот „1L220UK“, популарно наречен „Zoopark 3“. Радарот е произведен од украинската компанија „NVK Iskra“ и ги поминал сите тестови за квалитет во април 2019 година, со што влегува во фаза на производство. Аголот на покривање на радарот е 180 степени.

Славчо Кузманоски



# Виљушкар – неопходна машина на секоја војска

Културата и градителството на старите цивилизации поставиле барања за транспорт и подигање на тешки и големи камени блокови при изградбата на нивните градби. Како резултат на таквите потреби широко се применувале јажиња, лостови и макари, што довело до првите конструкции на дигалки. Индустриската револуција од крајот на 18 и почетокот на 19 век претставувала почеток на фабричкото производство. Како фабричкото производство се развивало, потребата за ракување со материјалите и претоварна механизација станувала сè поизразена

Основна карактеристика на времето до почетокот на индустриската револуција е таа што главно се користела човечка сила, а механизација само за товари за чија манипулација таа сила не била доволна. Во овој период, сопствениците, за да ги намалат трошоците, почнуваат постепено да вложуваат во средства и опрема за ракување со материјали. Виљушкарот го добил своето име по зафатната направа изведена во форма на виљушка. Освен оваа типична зафатна направа, на виљушкарот можат да се монтираат и зафатни направи во форма на клешта, кука и друго, во зависност од специфичноста на стоката која се транспортира. Виљушкарите се транспортни средства – дигалки за внатрешен транспорт и наменети се за транспорт на стоки и материјали во фабрички хали и складишта, како и за транспорт на кратки растојанија во кругот на фабриките. Служат за транспорт на поголеми парчиња товар, помали парчиња на товар на палети и растурен товар во сандаци или корпи. Со употреба на дополнителни уреди наместо виљушки, можно е да се манипулира со различни товари (цевки, ролни, буриња итн.) или да се изведуваат активности кои не се директно поврзани со транспорт. Конструкцијата на виљушкарот ја чини моторна кола на дизел погон или со електро погон. На колата се наоѓаат две вертикални оски по кои се лизгаат конзолите кои прифаќаат товар. Вертикалните оски можат да менуваат и наклон, и тоа напред за 3º до 4º (при товарење) и назад 10º do 12º (при пренос на товар). Носивоста на виљушкарите е од 10 kN до 80 kN, а се користат и виљушкари со носивост и преку 500 kN. Висината на подигање изнесува до 15 метри. Брзината на движење се движи од 6 до 30 km/h. Брзината на подигање на товарот изнесува од 8 do 14 m/min. Управувањето се изведува преку задните тркала, а погонот е на предните тркала. Задниот дел на моторните коли најчесто е од полн челик и има улога на контратег. Постојат голем број на различни класификации, извори на енергија, големини, употреба и нови технологии кои ги сочинуваат овие корисни машини. Некои се користат на груби градилишта и креваат тешки материјали и опрема, додека други виљушкари се возат во модернизирани магацини. Виљушкарите се неопходна алатка во магацините и составен дел на






сите воени единици за поддршка. Овие машини работат долги часови секој ден, кревајќи и преместувајќи тешки товари за да ја задржат производствената, автомобилската, воздушната и другите индустрии. Виљушкарите постојат повеќе од 100 години и тие продолжуваат да ги прават работните места поефикасни, исто како што правеле кога биле измислени. Без разлика дали се работи за виљушкари што користат батерии, течен пропан, водородни горивни ќелии или друг извор на енергија, без овие машини нема да може ефикасно да се гради, да се испраќаат или да се преместуваат произведените стоки.
Постојат разни мислења за тоа кој го направил првиот виљушкар. Во 1920-тите години, компанијата „Ransoms & Rapier“ со седиште во Велика Британија направила производ сличен на електричен виљушкар. Во 1922 г., компанијата „Miag“ го развила првиот виљушкар за „кревање“. Но, слободно може да се каже дека Јуџин Кларк бил пионер во производството на виљушкари. Вистинскиот пробив дошол кога со група работници ја основал американската компанија „Clark Equipment“. Во 1916-1917 г., машините што се користеле за транспорт на песок и суровини станале пионери на индустриските виљушкари. Во 1917 г., компанијата „Кларк“, создале камион наречен „Tructractor“ за да ги преместува материјалите. Додека луѓето ја посетувале фабриката го гледале „Tructractor“ како работи, па им давале нарачки да направат камиони и за нивните компании. Неколку години подоцна, првиот хидрауличен лифт бил додаден на некои камиони за да им даде моќ на кревање. Во 1923 г., компанијата „Јеил“ била првата која употребила виљушки за подигање на товар од земјата и столб за подигање кој можел да биде повисок од висината на камионот. Камионот на компанијата „Јеил“ се смета за првиот виљушкар. Меѓу посетителите на фабриката биле и претставници на војската, кои на електричниот трицикл гледале како на идеално средство за транспорт на експлозиви. Во тоа време во магацините на армијата на САД се користеле електрични возила. Но, целосно неприфатливо било батериите да откажуваат среде возење и опасните материи да останат на отворено.
Техничарите на компанијата „Кларк“ го решиле проблемот со додавање виљушкар со мотор со внатрешно согорување. Во исто време, тие виделе дека употребата на електрични трицикли за транспорт на експлозиви е идеална алатка.
Првата светска војна дала дополнителен поттик за новата технологија на виљушкари. Како прво, големите владини воени договори доведуваат до потреба од повеќе работна сила во фабриките. Во исто време, зголемениот број на регрутирани војници предизвика акутен недостиг на работна сила. Овие фактори предизвикале фабриките да бараат поефикасни средства за транспорт на стоки и суровини. Ова довело до пронаоѓање на различни видови машини за ракување со материјали. Во предвечерието на Првата светска војна, Кларк добил наредба од армијата на САД за изработка на виљушкари-трицикли, за што неговата компанија изградила посебна производна линија и фабрика.
Помеѓу двете светски војни биле развиени камиони од два до пет тони. Тоа биле првите виљушкари со бензински мотор и механизам за подигање, направени од Кларк и управувани од стоечки возачи. Виљушкарите биле опремени со гуми изработени од издржлива гума и за прв пат со додадени кранови кои им дозволувале да ги редат стоките на одредена висина. Виљушкарот на Кларк, во суштина трицикл, придвижуван од бензински мотор, се смета за предок на противтежинскиот виљушкар. Во 1928 г., многу карактеристики биле комбинирани за да се создаде целосно нов виљушкар. На постоечкиот виљушкар кој се користил како основа, бил додаден хидрауличен систем за подигање, предни погонски тркала, волан за задните тркала, гумени гуми и противтежа. Подоцна бил опремен со кран и механизам за навалување. Биле развиени модели на кои се инсталирани системи за контрола на предните и на задните тркала. На некои модели биле инсталирани лифтови што се повлекувале, што претставувало пресвртница во развојот на новите генерации виљушкари. Името Кларк станува симбол за виљушкарите.
Втората светска војна влијаела врз развојот на производството на виљушкари, главно во САД. Овој факт е јасно потврден со употребата на виљушкари од страна на војската на САД при носење на големи количества муниција на бродовите. Виљушкарите биле незаменливи, бидејќи војската треба многу брзо да ја растовари целата флота. Дури и на бродовите на американската морнарица биле користени виљушкари за отстранување на остатоци од палубата за полетување. Производството на виљушкари драстично се зголемило, а деновите на тешка



физичка работа поминале. Секој месец излегувале приближно 2000 виљушкари од склопувачката линија на Кларк (во споредба со 50 до 75 пред војната). Деведесет проценти од сите трактори и натоварувачи (вклучувајќи виљушкари) што ги користела американската војска во војната биле произведени од компанијата. По завршувањето на војната и развојот на индустријата, магацините се проширувале и во височина, па виљушкарите биле дизајнирани да подигаат товар до 15 м, што било повисоко од кога било. Со зголемената височина на подигање на товарот, одредени безбедносни мерки требало да се применат на виљушкарот, вклучително и кафез за заштита на возачите и контратег за да не дојде до превртување додека товарот се крева. Повеќе безбедносни мерки биле воведени во 1980-тите, вклучувајќи го безбедносното опкружување на операторот и развојот на технологијата за рамнотежа на виљушкарот.

Виљушкарите со текот на годините ја имаат истата основна функција, пренесуваат тежок товар од едно место на друго, но технологијата за завршување на работата постојано се менува. Индустријата за виљушкари напредува во својата технологија, во изборот на извори на енергија, мобилност и автоматизација, овозможувајќи уште поголема разновидност. Повеќе еколошки технологии се вградуваат во виљушкарите, делумно поради зголемените трошоци за гориво, но и поради тоа што некои енергетски ефикасни виљушкари можат да траат 20 до 30 проценти подолго од виљушкарите со мотори со внатрешно согорување. Во 2020 г., нарачките за електрични вилушкари сочинувале 73% од сите нарачки во однос на 66% во 2019 година и 64% во 2018 година.

Компанијата „Јеил“ има виљушкар на батерии со регенеративно сопирање за да ја врати енергијата во батериите кога ќе забави, а исто така може да ја врати енергијата и при спуштање на товарот. Освен виљушкари на батерии, како извори на енергија се користи течен пропан, чист дизел и водородни горивни ќелии. Освен што се поеколошки, виљушкарите се променија и во нивната мобилност со воведувањето на виљушкарот „Sidewinder“. Тој може да се движи во која било насока. Наместо традиционални пневматски или цврсти гуми, тој користи серија валјаци кои можат да ја менуваат насоката. Виљушкарот „Sidewinder“ може да премине преку пречки високи до 7,6 см сантиметри и да пренесе греда долга 12,2 м низ тесен влез додека вози настрана, што би било тешко или невозможно за традиционалните виљушкари.

Друга иновација се автоматизираните виљушкари. Овие виљушкари користат системи за наведување за да маневрираат и автоматски да земаат и испуштаат товари. Постојат неколку типови на системи за наведување, вклучувајќи ласерски, инерцијален, жичен и оптички. Ласерскиот систем користи ретрорефлективни цели низ складиштето за да го одбие ласерскиот зрак од назад кон виљушкарот за да може да ја одреди неговата локација. Инерцијалниот користи магнети поставени внатре во подот во прави линии. Виљушкарот има сензори за лоцирање на магнетите и останува на патеката каде и да се наоѓаат магнетите. Жичаниот систем користи антена за да одреди каде е виљушкарот во однос на жиците поставени внатре во подовите на магацинот, а системите за оптичко наведување користат сензори за лоцирање на ултравиолетовите ленти насликани на подот. Првата верзија на модерните виљушкари за воена употреба биле претставени во 1906 г. Тоа биле возила на електричен погон кои, пред сè, се користеле за преместување на багажот на железничките платформи. Наскоро, оваа технологија започнала да ја применува и американската војска, препознавајќи ја уникатната способност на овие возила за лесно и релативно безбедно транспортирање на тешки товари. Иако овие возила не личеле точно на виљушкарите што ги знаеме денес, нивната способност да креваат тешки товари користејќи додатоци налик на кран и синџири биле од суштинско значење за подобрување на оперативноста.

До избувнувањето на Првата светска војна, овие возила почнале да играат централна улога во подготовките за војна. Благодарение на нивната разновидност и сигурност, кога завршила војната, виљушкарите биле прифатени од индустријата и почнале да се користат во многу индустрии. Материјалите и залихите биле потребни низ целиот свет. По војната, виљушкарите почнале да добиваат специјализирани форми за различни намени. Денес виљушкарите за воена употреба го достигнаа својот врв со „Millennia Military Vehicle“, или ММВ, кој првпат бил развиен од компанијата „OmniQuip International“ (сега позната како “JLG Industries“) за потребите на американскиот Марински корпус во 2001 г. ММВ е комерцијален виљушкар за сите терени со модификации за воена употреба. Има носивост од пет тони и вклучува телескопски приклучок што му овозможува длабок пристап до контејнери за транспорт, камиони и товарни хеликоптери. ММВ е идеален за кревање и носење тешки товари преку повеќе пречки. Максималниот дофат е 9 м, а максималната висина на подигање е 13 м. Може да се модифицира со различни приклучоци, вклучително и корпа монтирана на виљушката и платформа за персонал. Покрај маринците, ММВ го користат и морнарицата и копнената војска. Тие беа користени како машини за поддршка за време на борбените операции во Ирак и во Авганистан. Иако ММВ нема одбранбено вооружување, тој вклучува безбедносни карактеристики за подобрување на неговата функционалност, вклучително и дополнителна поддршка за кабината за заштита од превртување и паѓање предмети и постојан погон на сите тркала, високо растојание од подлогата што му овозможува да работи на груб терен. ММВ може лесно да се движи низ кал, снег и песок. Има три режими на управување: погон на две тркала, погон на четири тркала и повеќенасочно управување  за тесни простори. ММВ е дизајниран да биде лесно пренесен со товарниот авион „Ц-130“, како и до транспортниот хеликоптер „ЦХ-53“, така што може да се распореди практично секаде каде што е потребно. ММВ е само еден од низата виљушкари кои имаат долга традиција во поддршката на војниците во борбени ситуации.



Александар Стојчевски




# „Kawanishi N1K2-J"

Случувањата на военото поле, константно давале индикации дека Јапонија набрзо ќе капитулира и дека јапонските вооружен сили немале моќ да понудат ништо ново и софистицирано што ќе ги спречи сојузничките офанзивни операции, особено во воздух. Набргу ова се покажало како голема заблуда кај американксите воени експерти. Иако доцна во војната, без некоја голема шанса за драстична промена на нејзиниот тек, Јапонија го произведува еден од најдобрите ловци на Втората светска војна, одличниот „Kawanishi N1K2-J" или познат како „виолетова молња". Овој ловец бил толку импресивен, што неговите перформанси го предизвикале американското раководство за пронаоѓање на нова офанзивна тактика, со цел да спречи непотребни жртви кога крајот на војната бил на виделина. Некои американски пилоти дури изјавувале дека доколку Јапонија го произвела овој воздухоплов две години порано во војната, изгледот на нештата на воздухопловното военото поле би бил различен во полза на Јапонија.

Веќе во 1944 година, сојузничите сили кои се бореле на Пацифичкиот фронт против јапонскиот окупатор, забележувале значителен прогрес. Полека но сигурно се наближувале кон Јапонија, заземајќи остров по остров. Веќе во втората половина на 1944 г. било јасно дека сојузниците на чело со вооружените сили на САД доминираат на военото поле.Јапонските ресурси биле исцедени. Некогаш импресивниот и доминантен ловец „A6M Zero" бил целосно надминат од помодерните и најнови американски ловци како „F6F Hellcat" и „F4U Corsair". Иако доцна во војната, без некоја голема шанса за драстична промена на нејзиниот тек, Јапонија го произведува еден од најдобрите ловци на Втората светска војна, одличниот „Kawanishi N1K2-J", или познат како „виолетова молња"

**Дизајн**

Почетоците на овој воздухоплов можат да се видат во јапонската интенција за креација на хидроавион кој требало да служи како поддршка на копнените единици онаму каде што нема простор за слетување на конвенционален авион, или онаму каде што нема писта. Токму оваа намера на јапонското раководство ја создало основата за развој на „Kawanishi N1K". Појавата на основата, која била хидроавион, била исклучително наменета за офансивни оперативни дејности. Но, при крајот на 1943 година, кога авионот влегол во сериско производство, Јапонија веќе била во дефанзива, ситуација која военот раководство не ја предвидела, ниту пак било подготвено за изведба на такви стратешки маневри. Тоа значело дека




појавата на хидроавионот „Kawanishi N1K”, чија цел било исклучително изведба на офанзивни оперативни дејности за поддршка на копнени единици, била залудна. Меѓутоа, со цел проектот да не пропадне, јапонското раководство одлучило да преземе низа мерки коу требале да извршат детални и драстични модификации на „Kawanishi N1K”. Овие модификации требале да го конвретираат авионот, од хидроавион наменет за офанзивни задачи во конвенционален авион наменет за дефанзивни задачи. Доаѓањето на 1944 година, и сè повеќе интензивните десатни маневри од страна на вооружените сили на САД, давале силни индикации за итноста на нови дефанзивни капацитети со кои Јапонија би се бранела, пред сè од сè почестите разурнувачки дејности од американските напливи на бомбардери врз Јапонија. Со секој освоен остров од страна на Американците, военото воздухопловство на САД добивало услови за нови писти поблиску до јапонското копно. Оригиналниот нацрт на хидроваријантата предвидувал придвижувачка сила од мотор кој имал 14 цилиндри. За таа цел, хидроавионот бил придвижуван од моторот „Mitsubishi MK4C Kasei 13”, но набргу овој мотор се покажал како не доволно моќен да се носи со евентуални драстични маневарски способности при обиди за избегнување на непријателски ловци. Модификацијата од хидроавион во конвенционален дефанзивен ловец настанала со отстранување на централната „бродска“ конструкција која овозможувала слетување на вода, задржување на средно-крилската конструкција и вградување на нов, помоќен мотор. Дополнителни модификации следувале со инкорпорирање на нов поголем пропелер, а со тоа следувало и долги тркала. Авионот бил придвижуван од моторот „Nakajima NK9A Homare 11”, кој имал 18 цилиндри распоредени во „ѕвезда“ форма, односно четири цилиндри повеќе од оригиналниот дизајн на хидроверзијата. Имено, најдобрата модификација што авионот ја добил во неговиот процес на конверзија биле воените флапови, односно крилца кои функционирале на автоматски начин во согласност со забрзувањето на авионот. Овие крилца се отворале според достигнување на одредена брзина и му  овозможувале на авионот поголеми маневрирачки способности, особено намалувајќи го аголот на вртење. Овие крилца финкционирале со помош на жива. Нивното вклучување и исклучување било контролирано од прекинувач кој функционирал на жива. Овој начин на инструментализација на аероконтролор претставувал еден од поголемите иновации за време на Втората светска војна. Покрај сите модификации кои овозможиле авионот да добие конвенционални, но и мошне добри способности, особено за изведба на дефанзивни задачи, воздухопловот имал проблеми со моторот и со тркалата. Моторот бил во почетни фази на развој и бил втурнат во сериско производство премногу рано, додека тркалата имале несоодветен степен на температурна издржливост, и најчесто се случувал дефект при

| **Главни карактеристики на „Kawanishi N1K2-J”** | |
|---|---|
| **Екипаж** | 1 |
| **Должина** | 8,8 метри |
| **Распон на крила** | 12 метри |
| **Мотор** | Еден клипен „ѕвезда“ мотор „Nakajima NK9H Homare 21” со 18 цилиндри, со способност за развивање на 1985 коњски сили. Моторот користел воздушно ладење. |
| **Максимална брзина** | 656 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 1746 километри |
| **Максимална висина на летање** | 12000 метри |
| **Вооружување** | Четири топа „Type 99 Mark 2” со калибар од 20 милиметри<br><br>Капацитет за носивост од две бомби од по 250 килограми, или еден надворешен резервоар за гориво со капацитет од 320 литри. |



нивно користење. Меѓу другото, летачките карактеристики на авионот биле софистицирани и барале искусен пилот позади контролите. Како таква, копнената варијанта на „N1K" била именувана „N1K1". Но, јапонското раководство сметало дека сите овие проблематични сегменти биле минливи и решливи. Авионот покажал повеќе од задоволителни карактеристики, особено фактот што бил многу побрз од стандардниот јапонски ловец „A6M Zero" и имал поголем оперативен опсег од најмодерниот авионт на „Mitsubishi", „J2M Raiden". Со цел решавање на споменатите проблеми, само четири дена од појавата на модифицираната верзија, односно копнената варијанта, компанијата започнала комплетен редизајн на постечкиот модифициран авион. Со овој редизајн, „Kawanishi" ја добива конечната најефективна варијанта, именувана како „Kawanishi N1K2-J". Со овој воздухоплов, јапонското воздухопловство добило перфектен дефанзивен современ ловец кој бил во секој поглед надмоќен од своите американски противници. „N1K2-J" добил нов изглед на опашот кој овозможил уште подобри маневрирачки карактеристики и нова локација на крилата. Крилата биле релоцирани на долната оска од авионот, односно од среднокрилец станал нискокрилец, впрочем како и мнозинството на сите останати конвенционални ловци. Само со оваа модификација се решил и проблемот со тркалата, бидејќи авионот добил пократки тркала и поотпорни на секакви температурни разлики. Меѓу другото, трупот, односно централната констукција на воздухопловот била издолжена, со цел достигнување на поголеми аеродинамички способности. „N1K2-J" бил драстично полесен од оригиналната копнена модификација, „N1K1", дури за 250 килограми, а со тоа добил и драстично зголемување на брзината. Многу важен фактор е дека конструкцијата на новиот модел била поедноставна и немало потреба од голема количина на стратешки ресусурси, за разлика од конструкцијата на неговиот претходник „N1K1". Но, покрај сите драстични подобрувања, проблемите со моторот останале нерешени. Моторот добил значителни модификации кои овозможувале менаџирање на проблемите, за разлика од „N1K1" каде што овие менаџирачки способности не биле присутни. Во поглед на вооружувањето, авионот бил опремен со четири топа со калибар од 20 милиметри. Ваквата комбинација на вооружување овозможувала поголеми шанси за соборување на новите и тешки американски бомбардери „B-29". Можеби единствениот значителен недостаток кај „Kawanishi N1K2-J" бил тоа што сериското производство започнало многу доцна во војната, во април 1945 година.

**Варијанти**

Покрај основната хидроваријанта и нејзината модификација, овој копнен воздухоплов, авионот „Kawanishi N1K2-J" има неколку подваријанти, оспособени за различна оперативна употреба и намена.

**„N1K2-Ja"**

Оваа варијанта била наменета за улога на ловец-пресретнувач придвижуван од мотор „Homare 21-18", кој има способност да разие 2000 коњски сили. Исто така, овој воздухоплов имал поголем пропелер и способност за носивост од четири бомби со тежина од 250 килограми.

**„N1K2-K"**

Оваа варијанта била исклучиво наменета за обука и била фабрички произведена со две седишта кои биле флексибилни во поглед на нивното отстранување.

Димитар Даневски



# Работна средба со министерката за одбрана

На 9 март, тричлена делегација на ОРОРСМ во состав д-р Гоце Георгиев,претседател, Љупчо Вуксанов, потпретседател и Никица Бангиева, генерален секретар, оствари работна средба со министерката за одбрана Славјанка Петровска. На состанокот, министерката од делегацијата беше информирана за планот и текот на подготовките за организирање на пролетниот состанок на GAMINGER-иницијативата (GI), GAMING-I, кој ќе се одржи во Скопје од 24 до 28 мај. Исто така, на министерката ѝ беше презентирана и програмата за динамиката на активностите за време на состанокот. GAMINGER-иницијативата претставува меѓународна невладина непрофитна асоцијација на национални здруженија на резервни офицери на Чешката Република, Словачката Република, Полска, Унгарија, Италија, Сојузна Република Германија, Австрија, Швајцарската Конфедерација, Хрватска, Словенија и Република Северна Македонија.

Основна цел на оваа асоцијација е зголемување на улогата на резервните офицери, бидејќи сè повеќе има професионални воени структури и зголемување на улогата на вооружените сили на Европа, како дел од интернационалната безбедносна политика на ЕУ, на НАТО, на ООН и други организации. Овој состанок има посебно значење, затоа што ќе се разгледува и ќе се усвојува новиот Статут на GI, според кој GI ќе прерасне во Асоцијација на резервните офицери на земјите од Европа. Од страна на министерката беше истакнато дека Организацијата, како дел од Меѓусојузничката конфедерација на резервни офицери при НАТО и GAMINGER-иницијативата, учествувајќи на нивните



активности, а сега вклучувајќи се и како домаќин и организатор на пролетниот состанок GAMING-I, придонесува кон развојот на одбраната и зацврстувањето на безбедноста. На крај, посочи дека Министерството за одбрана ќе продолжи да ги поддржува активностите на Организацијата на резервни офицери, зашто имаме иста цел, безбедна и сигурна држава и граѓани.

# Меморандум за соработка

Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија на 7 март 2023 година потпиша Меморандум за соработка со Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Меморандумот беше потпишан од претседателот на Организацијата д-р Гоце Георгиев и од министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски. На чинот на потпишувањето од Организацијата присуствуваа и потпретседателот Љупчо Вуксанов и генералниот секретар Никица Бангиева.
Со Меморандумот се утврдија принципите на соработка во насока на заемно укажување стручна помош и поддршка, со цел размена на податоци, информации, искуства, знаења и обука, а во интерес на подобрување на заштитата и безбедноста на граѓаните и на материјалните добра и на одбраната и безбедноста на Република Северна Македонија.
Од делегацијата на Организацијата беше посочено дека, Организацијата своето делување и реализирањето на активностите ги темели врз основа на член 132 од Законот за одбрана и довереното јавно овластување од Министерството за одбрана во остварувањето на обуката на резервните офицери и подофицери за учество во одбраната на Република Северна Македонија. Исто така, беше истакнато дека Организацијата е и членка на Меѓусојузничката конфедерација на резервни офицери (CIOR) при НАТО, на Меѓусојузничката конфедерација на резервни офицери-медицинари (CIOMR) при НАТО и на Средноевропската организација на резервни офицери на GAMINGER-иницијативата.
Од министерот Оливер Спасовски беше изразено задоволство од продлабочувањето на соработката, нагласувајќи дека развиените држави во целост ги користат капацитетите на резервните офицери.



# Одбележан Денот на преземањето на караулите

На 11 март, по повод 31 година од преземањето на првите караули, „Рамна Нива", „Деве Баир" и „Коприва" од единиците на територијалната одбрана од Крива Паланка на 11 март 1992 година, претставници на ОРОРСМ ја посетија караулата „Рамна Нива" за да го одбележат овој многу значаен ден, кој е од историско значење за македонската армија и македонската државност.
Овој ден, поради неговото значење, Осевната организациона единица (ООЕ) на ОРОРСМ Крива Паланка го одбележува и како свој патронен празник.
На одбележувањето на овој настан учествуваа преку 20 резервни офицери и подофицери од ООЕ на ОРОРСМ од: Скопје, Куманово, Виница и Пробиштип, предводени од Извршниот одбор на ООЕ Крива Паланка, како и претставникот на МВР од граничниот премин „Деве Баир", Игор Станојковски.
Пред присутните се обратија: резервниот капетан Весели Стојановски, кој прочита пригоден реферат за значењето на 11 март, претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, кој ги поздрави присутните и порача дека ОРОРСМ ќе продолжи со ваквата традиција на одбележување на значајни настани и резервниот постар водник, Видан Петровски, кој во тоа време ја извршувал функцијата заменик-командир на караулата.

Тони Мицевски





# „Рогалови крила“ – делтаплани

Периодот на осумдесеттите години од минатиот век го обележа и појавата на некакви современи „икари“, или смели и нестандардни пилоти на ново појавени летала на небеските широчини. Инвентивните воздухопловни творци, следејќи го начинот на летање на детските летала, или популарно именувани како „змејови“, создадоа соодветно поголеми летала, потешки од воздухот. На нив, преку систем на ремени, тие ќе можат да бидат „обесени“ и на тој начин ќе крстарат низ воздушните простори.

Вакавиот вид летала добивале и различни имиња, од „змејови“, преку „рогалови крила“ до делтаплани. Англиското име на овие посебни летала е „Hang glider“, што во слободен македонски превод би било воздушен планер на кој е нешто обесено, односно виси. Овие делтаплани се со мини-големина, лесно се одржуваат и се лесни за ракување. Во основа, тие можат да се дефинираат како летала потешки од воздухот, со мала големина, лесни за транспортирање и складирање. Изработени се од мешани, цврсти и меки материјали, како што се високо квалитетните алуминиумски или карбонски цевки, издржливи полиестерски платна – ткаенини (пр. Дакрон, Технора или Милар), како и плетени метални или кардонски сајли со различни пречници и должини. При летањето со нив пилотот се контролира - управува по принципот на поместување на центарот на тежиштето и нападниот агол на леталото, коешто се остварува преку физичко поместување на т.н. трапез. Тој претставува триаголна метална рамка подвижно прицврстена на носечката конструкција на крилото која пилотот со раце ја поместува, напред и назад, или лево и десно. Зависно од типот и конструкцијата на делтапланите, нивната брзина на летање се движи во приближни растојанија од триесетина до деведесетина километри на час.

Како места за нивно полетување можат да се користат височинки, ридишта и планини, зависно од квалитетот и нивото на вештини на летачот – пилотот кој управува со него, но и од карактеристиките на самото летало. Согледувајќи го недостатокот на овие летала, поради можноста да се користат исклучиво од релјефни возвишувања или повлечени со некој вид макара – витло, смелите креативни

конструктори, минаа на создавање на т.н. моторни змејови – делтаплани. Овие нови „змејови“ спаѓаат во категоријата на ултра лесни летала, коишто претставуваат конструктивна комбинација на „рогалово крило“ и вграден мотор со внатрешно согорување. На него е прицврстен, најчесто, двокрак пропелер. Нивната брзина на летање се движи во растојание меѓу 70 и 140 км/час., а предноста им е во тоа што можат да полетуваат и да слетуваат од цврсти земјени подлоги и од водени површини. Основата на конструкцијата на овие летала ја создаваат крилото и постројка со мотор и седишта или седиште за пилотот. Како уреди за полетување или за слетување можат да имаат тркала, скии или да бидат фиксирани на гумени пловни чамци. Моќноста на вградениот мотор најчесто е меѓу 25 и 45 КС, кај едноседите змејови, а од 50 до 100 КС кај леталата-двоседи од овој тип.
Со текот на годините, овие летала доживуваа низа конструкциски, квалитативни, а посебно, наменски унапредувања. Сето тоа било соодветно на нивната едноставност и малата цена на чинење, со која е постигната и голема масовност.
Се употребуваа за лични летачки задоволства, за панорамски летови и извидувања, како и за низа други активности. Само во Европа се изградени повеќе од педесет фабрики кои периски го изработуваат овој вид летала. Притоа мора да се потенцира дека рапидно се зголемува и бројот на ентузијасти кои, по принципот на „самоградба“, ги изработуваат истите, користејќи наменски или други мотори со внатрешно согорување.
Со такви карактеристики, овој вид едноставни летала најдоа широка примена. Најнапред како летала за лично задоволство и сопствена панорамска перцепција на светот од страна на самите градители.
Тие станаа вистинска атракција на организирани аеромитинзи, а потоа и за разни извидувања од воздух, за откривање отворени пожари, за надзор на земјоделски посеви, за помош на унесреќени лица во планински предели, за доставување пратки од различни видови и за ред други активности. Некои армии, ваквите „змејови“ ги внесоа во својот состав со цел и намена за куси извидувања, за диверзантски акции и за низа други воени активности.
Во раниот период на поинтензивното користење на овој вид атрактивни и евтини летала на македонската територија, беа правени повеќе демонстративни – показни летови и прикази на нивните можности, како и на вештините на поединци за нивно управување и користење.



Интерес за нив, во тој период, покажаа и тогашниот македонски Републички штаб за територијална одбрана и Републичкиот штаб за цивилна заштита на тогашната СР Македонија. Интересот кон нив беше насочен во интерес на активности поврзани со територијалната одбрана и цивилната заштита во рамките на нашава република. Поконкретно, целите за нивната употреба беа насочени кон регионални теренски извидувања, помош и пронаоѓање на изгубени лица или групи луѓе низ шумски и релјефни предели, достава на мали пратки лекови или други санитетски материјали и низа друго. Замислата беше дополнета и со идејата за нивно можно домашно производство.
Тие моторни или безмоторни делтаплани – „змејови“, кои ги прикажуваа нивните можности и идејата за нивна домашна употреба, главно беа во лична сопственост на наши поединци-ентузијасти, кои подоцна се организираа и во посебен Клуб за лесни летала, именуван како „Хели клуб“ – Скопје.

Сепак, и покрај сите напори, замисли и идеи, реализацијата стануваше тешко остварлива. Причината за тоа беше несоодветната, односно неприспсобената законска регулатива во тој период во која тие не се вклопуваа целосно во однос на нивното атестирање, сертифицирање, хомологација, регистрација, осигурување и други фактори. Така пропадна уште една убаво заокружена идеја која, покрај кревањето на личните – поединечни креативни воздухопловни зафати, беше тесно насочена и кон она што значи територијална одбрана и заштита на цивилното население во различни несакани услови. На тој начин делтапланите, „рогаловите крила“ или „змејовите“, како и да се именуваат, повторно се вратија кај нивните самоградители, сопственици или љубители на индивидуалното летање. Останаа и на „спортските терени“ кои го овозможуваат нивното летање или кај оние кои се со спортски дух и се насочуваат кон меѓусебен спортски престиж на организирани натпревари.

Ѓорги Чачкиров






# Музејот во заливот – „USS LEXINGTON CV-16“

Богата историја, разновидност во понудата, масивност. Ова се само неколку синоними кои се поврзуваат со „USS LEXINGTON CV-16“ – музејот во заливот. Носачот на авиони „USS LEXINGTON CV-16“, познат како „Синиот дух“, со својата импозантна воена историја зад себе, после завршувањето на оперативната употреба во 1992 година, е пренаменет во воен музеј.

Музејот е сместен долж северната плажа на заливот Корпус Кристи во Тексас. Повеќе од 9 милиони посетители се забележани за периодот од 1992 година до 2022 година и воедно се организирани преку 4000 културни активности и настани. Поради своето значење и огромна посетеност од страна на градот, во 2003 година музејот е означен како културно-историско обележје на градот. Посетителите можат да уживаат во посетата на музејот кој е поделен во пет постојани поставки. На сите посетители им се нуди можност за обиколки на музејот со кустос-водич или самоводечка обиколка која може да ја збогатите со апликација за паметни телефони, која ви дава дополнителни интересни информации додека сте во одредени делови од музејот. Делови од носачот на авионот кои за време на оперативната употреба биле од сензитивен карактер (строго доверливи), после нивно соодветно адаптирање се отвораат за јавноста, така што музејскиот простор на секои две до три години се проширува. Последен таков дел е делот со катапултите кои се користеле за лансирање на авиони. Пред самот влез во музејот, поточно на почетокот на мостот кој води до самиот влез на носачот, поставен е авионот „Douglas A-4F Skyhawk II“, „Торпедо“ и противавионски топови кои се проследени со информативни банери кои даваат генерални информации за носачот на авиони „USS LEXINGTON“. Прошетката на музејот започнува со посета на хангарскиот дел. На простор од околу 4000м2 поставени се голем број на различни експонати поврзани со самиот носач и авијацијата воопшто. Овој дел е поделен на три целини. Во овој изложбен дел се поставени неколку модели на млазни мотори од кои некои се во пресек, на крајната десна страна од хангарскиот дел е поставено и 3Д




кино, воедно до него е поставен и симулаторот за летање. Авионите кои се изложени во овој дел се: „Grumman TBF/TBM-3 Avenger“, „T-6 SNJ Texan“ и „Douglas SBD-3 Dauntless“. Во овој дел на музејот во крајната лева страна се наоѓа и продавницата за сувенири и кафе-барот и уште еден симулатор за летање.
Патеката за обиколка на музејот ве води во следниот дел на музејот наречен „Преден дел – Чело“. Интересни делови за посета во овој дел на музејот се системот на катапултите за лансирање и кочење, сегментот кој е посветен на нападот на Перл Харбор, сидрото на бродот и системот за усидрување и просториите за сместување на офицерите. Крајот на патеката ве води повторно на хангарскиот дел од каде се продолжува на полетувачко-слетувачката палуба.
Еден од најинтересните делови за посета во музејот е секако полетувачко-слетувачката палуба на носачот на авиони. На простор од 280 метри должина и 45 метри широчина или 12.000 м2 се распоредени неколку авиони од различен временски период, неколку противавионски топови, контролните станици итн. Самата полетувачко-слетувачка палуба е на две ниво повисоко од хангарскиот дел. Веднаш по излегување на палубата од вашата десна страна е поставен авионот „F-14 Tom cat“, по кој следат авионите: „T-28 Trojan“, „T-34 B Mentor“, „A-7B Corsair II“, „A6-E Intruder“, „A-4B Skyhawk“, „KA-3B SKYWARRIOR“, хеликоптерот „AH 1 Cobra“, „F9F-8T Cougar“, „F-4A Phantom“ и на крај е поставен авионот „F-18 Hornet“. На полетувачко-слетувачката палуба се поставени и две топовски куполи во кои може да се влезе.
Од полетувачко-слетувачкта палуба патеката за обиколка ве води уште три нивоа повиско во контролната кула. Првиот дел од овој сегмент е навигацискиот дел, по што следуваат просториите на капетанот на бродот и самиот команден мост. Веднаш под полетувачко-слетувачката палуба е сместен „галерискиот дел“ во кој се сместени борбениот информативен центар, центарот за воздушни операции и контролен центар за воздушен транспорт на носачот. Во првиот дел од овој сегмент се опишува севкупната историја на носачот на авиони, по што следуваат работните простории и просториите за сместување на адмиралот. Просториите за готовност на пилотите, исто така е дел од овој дел на музејот.
За време на својата оперативна употреба „Лексингтон“ е користен како локација за снимање на филмовите „Midway“, „Pearl Harbor“, како и мини-серијата „War and remembrance“. Во самиот музеј работат голем број на волонтери кои некогаш работеле на самиот носач на авиони,. Тие, честопати на посетителите им раскажуваат интересни и несекојдневни детали од минатото на овој музеј/носач, а воедно се тука доколку некој посетител има некое дополнително прашање да му помогнат.
Носачот на авиони-музеј, посетителите ги прима секој ден од 09-17 часот, со исклучок во деновите на национални празници. Работното време во летниот период е продолжено за еден час, така што затворањето е во 18 часот. Возрасните посетители за влез во музејот треба да платат 19$, додека постарите од 60 години 17$, воените лица 15$, а најмладите 14$. Доколку го користите паркингот на музејот, треба да доплатите 5$ за целодневно паркирање.
Музејот во заливот „Лексингтон“ е извонреден музеј со неверојатен спој на интерактивни активности и ретки експонати кој како да ја донесува историјата на дофат на секој посетител. Ова е исклучителен музеј, вреден за посета, кој има што да им понуди на своите посетители. Шест до седум часа, колку што е потребно за посета на овој музеј, во секој случај би биле одлично искористено време доколку сте вљубеник во историјата и во воената техника.

Златко Блажески





# Кусогледи јасновидци

Од митската Питија, јасновитка од Делфи (Грција), до денес, низ нашата цивилизација продефилирале илјадници пророци, а меѓу нив и многу научници, но ниту едно нивно предвидување не се совпаднало со стварноста. Нејзините најславни наследници, Мишел Нострадамус и Баба Ванѓа, остануваат вечни извори на наводно „сигурно“ читање на иднината, без оглед што ни тој, ни таа, не оставиле прецизни факти дека навистина го гледале она што ќе се случи од утре до недоглед

Стравот од иднината, каква и да е, од прапочетокот до денес, бил повод да се појавуваат поединци, тврдејќи дека го гледаат тоа што ќе се случи, не само утре, туку неколку милениуми нанапред. Ако на страна ги тргнеме библиските пророци, ќе забележиме дека низ целата човекова историја се јавувале самонаречени јасновидци, оние кои кревале општа тревога, тврдејќи дека тогаш и тогаш ќе се случи нешто што тие го гледаат токму денес. Најбројни меѓу нив се предвидувачите на крајот на светот, кои, нели, упориште имаат во старозаветните списи и во сите монотеистички религии. Библискиот исказ на Исус Христос, кој на прашањето на своите ученици, кога тоа ќе се случи (неговото повторно враќање на земјата -судниот ден), тој одговорил: „Како крадец во ноќта“, односно дека никој, освен Господ Бог нема да знае (Матеј 24; 43).

**Од Питија до отец Пајсие**

Пророштвото од Делфи е еталон за сите идни толкувачи на иднината и токму во храмот во кој гатала Питија, се воспоставени основните правила за прорекнување на иднината на поединци и држави. Според пишаните сведоштва, Питија била убава педесетгодишна жена, која седела на троножец, џвакала Аполонов лист и вдишувала чад што излегувал од една пукнатина во карпите на храмот. Таа клиентите ги примала во одредени денови од месецот, им барала некој белег и ги прашувала што сакаат да им види во идниот



живот. Се разбира, во тој мистичен амбиент, облечена во специјално руво, таа мрморела, а нејзините помагачи запишувале и на клиентите им толкувале што да очекуваат. По тој терк, иднината ја пророкувале сите познати и анонимни гатачи и низ вековите го усовршувале гатачкиот амбиент, така што истиот го надоградувале со технолошки помагала и кинеската пиротехника. Како и славната Питија, и нејзините следбеници, за гатањето немале ценовник, туку од посетителите барале да оставаат подарок или пари по сопствена проценка. Од крајот на 17 век гатањето станало барана и исплатлива професија, толку и така што не можел да се замисли царски или кралски двор без официелен јасновидец.
Податокот дека и сопругата на американскиот претседател Роналд Реган, Ненси, била негова лична јасновитка, најдобро зборува

за неминливоста на гатањето. Според медиумските податоци, во 20 век нема држава во чие врховно водство нема поединци задолжени за толкување на иднината, политичка и секоја друга. За разлика од „нормални“ гатачи, овие службените, се цели тимови составени од стручњаци од повеќе научни области. Се разбира, водачите на тимовите се психолози и астролози. Едновремено, нема обелоденети податоци за вистинската полза за која било држава. А, денес, постојат специјализирани агенции кои, за „дебели“ пари предвидуваат што планира водачот на противничката компанија, организација или голема сила.
Во векот во кој живееме, воспоставена е нова гатачка филозофија, речиси интердисциплинарна наука, во која учество земаат големите корпорации, технолошки центри и, се разбира, верски секти. Производ на нивниот заеднички труд се апсурдни заклучоци дека наскоро нѐ очекуваат: политички, економски, енергетски и нуклеарни кризи, кои неминовно водат кон крајот на светот. Овде, инаку не станува збор за гледање во иднината, туку е во прашање комбинација и толкување на очигледни податоци, кои за епилог имаат логичен заклучок.

**Мишел де Нотр Дам**

Познат по прекарот Нострадамус, Мишел де Нотр Дам бил француски лекар и пророк, кој најпрво се прочул како човек што луѓето ги спасувал од црната чума, од која инаку починало целото негово семејство, сопругата и четирите деца. Токму во тие години почнал да се занимава со гатање, по што станал познат ширум тогашната Франција. Интересно е дека бил личен лекар и гатач на славната Катарина Медичи, со чија помош ги публикувал своите пророштва. Првото издание на неговите „Пророштва“ се појавило во 1555 година и оттогаш до денес, делото е преведено и печатено на сите светски јазици, а бројот на примероците е веднаш зад Библијата.
Не е утврдено кога и како содржината на „пророштвата“ станала неодминливо



четиво и водечки прирачник за толкување на иднината, но непобитен факт е дека во светов ништо големо не се случило, а истото да не го предвидел Нострадамус. На списокот на тие големи нешта се: големиот пожар во Лондон, појавувањето на Наполеон, на Хитлер и на Сталин, на фрлање на атомската бомба на Хирошима и Нагасаки, на Обама, именувањето на прв претседател на САД којшто ке биде од црна раса итн.
Пророштвата на Нострадамус се пишувани во стихови, со мешање на зборови на грчки, латински и француски јазик, што инаку дава можност за различни и произволни толкувања на секој стих. Оттука веројатно произлегува и повеќевековната практика, содржината на пророштвата да се толкува според актуелен настан, кој, наводно го предвидел Нострадамус. Интересно е што самиот пророк и толкувачите на неговото дело не ја предвиделе војната во Украина.

**Чекајќи да падне небото**

А вечна тема на сите пророци од Питија до денес е судниот ден или пропаста на светот. Пишаните траги сведочат дека тој последен миг на човештвото ќе се случи 634 година, што предизвикало општа паника во Стариот Рим.
Потоа, се редат дати и години, но самракот на светот никако да се случи. Извесен Јулиус Африканел, пропаста на светот ја предвидел во 500-тата година, бидејќи според него, во таа година се навршувале шест века од создавањето на светот. Бискупот од Толедо, Елипандус, тврдел дека планетава ќе се урне во 793 година. Следната голема тревога се случила во очи на илјадитата година од раѓањето на Христа, а бидејќи ни тогаш ништо не се случило, монархот Рудолф Глабер тврдел дека самракот ќе уследи во 1033 година.
Пет века подоцна, во 1524 година, во Лондон, некој неранимајко тврдел дека токму таа година ќе се случи потоп, и тоа бил повод од градот да избегаат речи сите негови жители. Рабинот Сибатаи Деви, кој живеел во Смирна, во почетокот на 1666 година одел низ градот извикувајќи: „Народе спасувај се, оти катаклизмата само што не се случила“. Бидејќи, годината поминала, а потопот не се случил, градските власти го уапсиле габинот и го осудиле да избира помеѓу смртта и исламот. Кутриот тој, заборавил на своите способности да ја гледа иднината, ра прифатил да стане муслиман.

# Џин – гатачка со реноме на филмска ѕвезда



Американката Џин Диксон е најславната гатачка во 20 век и единствената јасновитка на која таа дарба ѝ е призната и потврдена од највисоките инстанци на Соединетите Американски Држави. Шест години пред да се случи убиството на американскиот претседател Џон Кенеди, Џин тоа го претскажала, и потоа ѝ биле отворени сите патишта кон славата и богатството. Таа пророкувала со помош на кристална кугла, а нејзините клиенти биле познати личности. Меѓу нив бил и претседателот Ричард Никсон. Интересно е дека Џин Диксон имала неброено пророчки промашувања, меѓу кои се смртта на Фидел Кастро и дека Русите први ќе се спуштат на месечината. Без оглед што стотици претскажувања на Диксон не се оствариле, таа останува најславната јасновитка на Запад.
„Ефектот Диксон“ е израз за пророци на кои им се заборааат промашувањата во предвидување на настани што ќе се случат во иднина.

Во 1818 година, извесна Џоана Саутксхот, објавила дека на денот на Христовото рождество, ќе „падне небото“. Небото си останало каде што е, но кутрата Џоан, починала токму на Божиќ. Виљем Милер пропаста ја предвидел во 1843 година. Сектата „Руска браќа“, цела една деценија тврделе дека во 1900 година доаѓа судниот ден и не сакајќи тоа нив да ги снајде живи, сите 100 припадници на сектата извршиле самоубиство. И, така, се редат пророците и годините, а катаклизмата никако да се случи.



**Упорноста на Јеховините сведоци**
Христијанската верска заедница Јеховини сведоци се најупорни во предвидувањето на крајот на светот. Своето учење го темелат на Светото писмо и постојано и организирано повикуваат да се подготвиме за крајот на овој валкан и безбожнички свет. Почнувајќи од 1874 година до денес, тие во кратки временски растојанија, најавуваат Армагедон. Повикувајќи се на нивните луксузни публикации и печатени материјали, педантните статистичари на необични појави забележале десет различни термини, во кои Јеховините сведоци прорекнувале крај на светот. Нивниот редослед изгледа вака: 1878, 1881, 1910, 1914, 1918, 1924, 1941, 1975, 1984, 1999 година. Наведените рокови се поврзани со навистина глобални настани, војни и појави, но ниту еден од нив не се совпаѓа со главното пророштво – пропаста на светот.
Независно од нив, во светот, во дваесеттиот век, посебно во неговата втора половина, се појавуваат самостојни пророци, а сите со исти или слични предвидувања. Овде ќе ги спомнеме најкарактеристичните примери. Во 1967 година светот ќе го запознае Џорџ Ва Тасел, кој објавил дека имал блиска средба со вонземјанин кој му всадил способност да види што ќе се случува во иднина. Се разбира, повикувајќи се на таа своја способност, тој ја „предвидел“ и пропаста на светот, но погрешил. За разлика од современите пророци чии предвидувања не се оствариле, во светот се појавиле и такви кои, поради лоши прогнози, на самоубиство навеле стотици наивни „верници“. Еден од првите од тој вид, се викал Џим Џонс и бил основач и водач на сектата „Храмот на народот“. Своите следбеници ги одвел во џунглата на Гвајана и таму сите 900 души (меѓу нив и 300 дечиња) извршиле колективно самоубиство. Германскиот психолог Хаид Фитхау, водач на сектата „Храм на сонцето“, преку своите небески врски дознал дека катаклизмата ќе се случи на 8 јануари 1988 г., во 8 часот наутро, и дека спасени ќе бидат само тие што ќе извршат самоубиство. Пророкот, своите следбеници ги одвел на Тенерифе, но благодарејќи на шпанската полиција, наместо во сигурна смрт, тие завршиле во затвор.

**Баба Ванѓа без наследници**
Вангелија Пандева Димитрова, легендарната Баба Ваѓа е, без сомнение, јасновитка која тој повеќезначен епитет го потврдила, без мистификации и медиумска пропаганда. Од својата дванаесетта година, кога останала без вид, па сè до својата смрт (11 август 1998 год.), претскажала настани кои навистина се случиле и повеќе години по нејзините предвидувања. Прво, и неверојатно е, што точно го погодила денот кога ќе почине нејзиниот татко Панде. Меѓу пророштвата кои се документирани и, секако, најпознати, се бомбардирањето на Белград во 1941 година, смртта на бугарскиот цар Борис (еден од нејзините најпознати клиенти), смртта на Сталин, земјотресот во Скопје и грабнувањето на италијанскиот премиер Алдо Моро. Помеѓу тие настани, Баба Ванѓа имала средба со над милион луѓе кои барале нејзина помош, а илјадници сведоци потврдиле дека им помогнала предупредувајќи ги на она што ќе им се случи во иднина. За жал, како и во случајот со пророштвата на Нострадамус, се појавиле пријателки на Баба Ванѓа, кои тврдат дека таа десет години однапред, го предвидела распадот на Југославија и доаѓањето на Путин на чело на Русија. Извесна Нешка Стефанова Робева, тврди дека нејзината пријателка Вангелија гласно предупредила дека светот ќе се соочи со „невидена чума“, мислејќи на корона вирусот. Без оглед што Балканот врие од надри пророци, сега засега, не се појавува пророк или гатачка од класата на Баба Ванѓа. Сигурно е дека таа останува без наследничка, што е во полза на нејзиниот лик и дело.

**Иднината е во рацете на Господ**
Очекуваната судбина на сите пророци и нивните предвидувања, освен оние, библиските, е „посипување со пепел“ и одење во заборав. А пред тоа, многумина од нив, погрешната далековидност ја правдале со „погрешна пресметка“ и продолжиле да се мамат себеси и другите лесноверници. Но, бидејќи светот не може без нив, новите пророци не објавуваат рокови, термини и датуми на настаните „што ќе се случат“, туку прават јазички недоследности, оставајќи простор за дополнителна манипулација. Деновиве сме сведоци на вести преку кои ни се соопштува дека некојси, низ целиот свет, точно „предвидел“ дека ќе се појави корона и дека ќе почне војна во Украина. Се појавуваат и нови толкувачи на Нострадамус, тврдејќи дека ренесансниот лекар уште во далечната 1547 година предвидел дека околу реката Дњепар ќе избувне војна. Наспроти заборавените и актуелните пророци, стои една дузина научници, кои, во зависност од областа во која твореле, искажале зборови со кои недвосмислено признаваат, дека иднината на светот е во рацете на некоја виша сила, која инаку, сите народи на светот ја именуваат како Бог.

Миле Раденковиќ

# Пророк-научник



Холанѓанецот Франк Хугербетс, вработен во Институтот за следење на геометријата на небеските тела во градот Харлем, на својот налог, објавен на твитер, на 3 февруари, напишал дека во Турција може да се случи земјотрес со јачина од 7,5 степени според Рихтер. И, навистина, два дена потоа, на територијата која Хугербетс ја означил како место на можен потрес, се случи невидена катастрофа, земјотрес кој овде бил катаклизмичен во два наврати во минатото.



Наум Наумовски-Борче е македонски комунист, учесник во НОВ, народен херој. Станал член на КПЈ во 1940 година. Учествувал на Првото заседание на АСНОМ. По ослободувањето извршувал повеќе високи функции. Во два мандата бил градоначалник на Скопје: во 1950 и од 1956 до 1960 година



# Народниот херој Наум Наумовски-Борче

Наум Наумовски е роден во Крушево на 1 мај 1920 година во многудетно семејство. Завршил два класа гимназија во Прилеп, а потоа со семејството се преселиле во Белград каде што го дозавршил школувањето.
По школувањето се вработил во белградската фабрика за авиони „Рогожарски“. Во Белград, Наумовски присуствувал на демонстрации и манифестации организирани од Комунистичката партија, и таму се запознал со Мирче Ацев. За време на штрајкот во фабриката во која работел, Наум Наумовски учествувал во спречување на штрајкувачите да влезат во фабриката, поради што бил затворен и однесен во политичкиот затвор „Ада Циганлија“. По излегување од затворот, во 1940 година, Наум Наумовски станал член на КПЈ . Во текот на 1941 година, се вратил во родното Крушево, но откако во градот дошол Мирче Ацев, Наум Наумовски, заедно со него учествувал во организирање на партизанскиот одред „Питу Гули“, кој бил оформен на 16 април 1942 година. Наум Наумовски имал и партизанско име, Зеко, под кое име тој станал секретар на Месниот комитет во Крушево, а потоа и политички комесар, и често говорел на митинзи. При крајот на ноември 1942 година, Одредот добил задача испратена од Страшо Пинџур да ја презими зимата, односно да не дејствува до пролет. Наум Наумовски таа зима ја поминал во Крушево, и го сменил партизанското име од Зеко во Борче. На Велигден 1943 година, во Крушево дошол Шула Мину, кој носел порака до Борче од Главниот штаб да се активира во партиското раководство на првата оперативна зона. По нападот на Крушево на 2 август, Наум Наумовски бил поставен за заменик-политички комесар на Втората оперативна зона, а по капитулацијата за политички комесар на баталјон, а брзо потоа и на група баталјони.
Во декември 1943 година, Борче бил поставен за политички комесар на Втората македонска ударна бригада, а на Илинден 1944 година, за политички комесар на Втората оперативна зона. Три недели подоцна бил назначен за политички комесар на Првата македонска дивизија, а во октомври истата година, станал член на ЦК на КПМ и политички комесар на Втората корпусна област. Наум Наумовски-Борче напредувал до функцијата заменик-политички комесар на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, а во почетокот на февруари 1945 година, бил поставен за политички комесар на Главниот штаб на Македонија.
По ослободувањето, Наум Наумовски работел во инструкторското одделение во ЦК на КПМ, а во два наврати бил и градоначалник на Скопје. Наум Наумовски-Борче бил прогласен за народен херој на 29 ноември 1953 година. Починал на 28 септември 1960 година во Скопје. Во негова чест е именувана улица во општина Центар, а неговото име го носи и средното училиште во Крушево. Има именувано и ООУ „Наум Наумовски-Борче“ во Скопје и СОУ „Наум Наумовски-Борче“ во Пробиштип.
Неговото име е запишано со златни букви во македонската историја и претставува светол патоказ за сегашните и идни генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска



# Дизелдорфскиот романтичар

Карл Фридрих Лесинг е германски историски и пејзажен сликар, внук на Готхолд Ефрем Лесинг и еден од главните преставници на сликарската школа од Дизелдорф. Роден е на 15 февруари 1808 година во Бреслау. Поголемиот дел од своето детство го поминал во Вартенберг, каде што рано развил љубов кон природата. По две години поминати во католичко училиште во Бреслау, неговиот талент за цртање бил забележан од уметникот Јохан Хајнрих Кристоф Кениг, кој во 1822 година договорил тој да учи во „Бауак“ адемијата во Берлин. Следната година, против желбата на неговиот татко, тој одлучи да стане сликар.
Карл Фридрих Лесинг поминал три години студирајќи на Пруската академија на уметности со пејзажните сликари Самуел Росел и Хајнрих Делинг. После успешното прво преставување на своето творештво во 1825 година, на којашто следела и првата продажба на сликата ,,Црковна градина со надгробни камења и урнатини во снегот“, го смирило

Карл Фридрих Лесинг како претставник на Дизелдорфската сликарска школа е еден од најдобрите германски сликари кои се занимавале со историско сликарство

жестокото противење на неговиот татко кој бил судски службеник во Вроцлав, поточно како канцелар на судот на Слободната држава, поранешна Полнско-Вартенберг (Вартенберг во Полска). Во 1826 година Карл, придружувајќи еден од своите инструктори, Фридрих Вилхелм фон Шадоу, заминува на „Кунст“ академијата во Дизелдорф.
Таму Карл Фридрих Лесинг се поврзува со Дизелдорфер Малершуле. Во 1827 година се запишува на дополнителни студии по пејзажно сликарство кај Јохан Вилхелм Ширмер. Во првата фаза од неговата кариера, тој слика темни и имагинативни пејзажи, по стилот на најдобриот германски романтичар Каспар Дејвид Фридрих , романтични мотиви како урнатини од замоци, црковни дворови (Клостерхоф им Шне, 1829 година, Музеј Валраф-Ричарц, Келн) или раскршени карпи со единечни фигури на луѓе, витези, разбојници или скитници. Други теми црпел од поезијата (Леноре, 1802) или од приказните и легендите како „Кралот и кралицата во жалост“ (Das trauernde Königspaar, 1830, музеј Ермитаж, Санкт Петербург, Русија) според поемата на Лудвиг Уланд. Подоцна, Шадоу го охрабрува да се занимава со историско сликарство и му помога да добие порачка од грофот Франц фон Шпе да наслика циклус на фрески што ќе го прикажуваат животот на Фредерик Барбароса во замокот Хелторф во близина на Дизелдорф, т.н. „Барбаросазиклус“.
Карл Фридрих Лесинг завршил дел од монументалната претстава на битката кај Икониум, но одлучува дека ѕидното сликарство не му се допаѓа и



му дозволува на друг уметник вклучен во проектот, Херман Плудеман, да ја заврши фреската од неговите скици. Неговото најпознато и највлијателно дело е Хуситската проповед (1836), која дотогаш не била историска тема како таква, но сепак дозволувала различни интерпретации во тогашната современата историја. Сликата веднаш доживува популарност и оди на турнеја изложувања низ Германија и Франција и добива бројни позитивни критики, како на пример од Фридрих Теодор Вишер во неговиот есеј „Zustand der jetzigen Malerei“ (1842). Карл, во 1841 год. се жени за Ајда Хојзер, ќерка на големиот бизнисмен Хајнрих Даниел Теодор Хојзер.
Во 1846 година му била понудена позицијата директор во „Städelschen Kunstinstituts“ во Франкфурт на Мајна, но одбил. Подоцна, во 1858 година, тој прифаќа назначување за директор во галеријата „Großherzoglich Badischen Gemäldegalerie“ во Карлсрue. Таму, тој продолжува да слика пејзажи. Во 1867 година добива уште една понуда, да биде директор на „Кунст“ академијата во Дизелдорф, но избрал да остане во Карлсрue.
Во текот на својата кариера, Карл Фридрих Лесинг е награден со неколку почести. Во 1848 година, бил прогласен за професор од кралот Фридрих Вилхелм IV и бил еден од првите уметници што го добил медалот „Pour le Mérite“. Тој, исто така, станува член на Пруската академија и бил претседател на здружението на прогресивни уметници „Малкастен“ .
Во текот на последна деценија од својот живот, Карл Фридрих Лесинг претрпува неколку мозочни удари, поради што не можел повеќе да слика. Починал во 1880 година, на седумдесет и две години и бил погребан на главните гробишта во Карлсрue, со споменик дизајниран од неговиот син Ото. Гробиштата се срамнети со земја во 1956 година.

м-р Трајче Чатмов







# „Лимениот барабан“ – приказна за растењето

Лимениот барабан“ е германско-француско-полско-југословенски филм од 1979 година во режија на Фолер Шлендорф и е екранизација на истоимениот роман на нобеловецот Гинтер Грас. Овој филм, иако поттикнува болни теми кои се одвиваат во воените периоди на 20 век, мајсторски ја задржува смислата за хумор и не е тежок за гледање но, сепак, изобилува со надреалистични, алегорични и метафорични елементи во однос на случувањата во Европа во периодот меѓу двете светски војни и за време на Втората светска војна.
„Лимениот барабан“ е приказна за едно младо момче по име Оскар Мацерат (Дејвид Бенет), кое е дете на германски родители кои живеат во Данциг, Германија (денешен Гдањск, Полска), којшто е сведок на случувањата на териториите на европскиот континент во текот на дваесеттите години на минатиот век и за време на Втората светска војна.
Оскар Мацерат е момче со неверојатни интелектуални способности, но кое е мало по раст. За својот трети роденден Оскар како подарок добива лимен барабан од којшто повеќе не се разделува. Тој за време на големите превирања и хаосот во Германија во периодот меѓу двете светски војни одлучува никогаш да не порасне и намерно паѓа по скалите, здобивајќи се со фрактури на ‘рбетот кои го оневозможуваат понатамошниот раст и развој на неговото тело, но умствено се равива нормално. Неговиот татко, Алфред Мацерат (Марио Адорф), станува следбеник на нацизмот, а мајка му Агнес (Ангела Винклер) се впушта во љубовна афера со Полјакот Јан Бронски (Даниел Отбриски). Неговата мајка, со грижа на совест заради неверството, умствено заболува и умира. Оскар, удирајќи ритмично по својот барабан и силно врескајќи, ги крши стаклата демонстрирајќи го својот бес и револт од апсурдните настани кои се случуваат во земјата со подемот на националсоцијализмот и суровоста на неговите приврзаници, вклучувајќи го и татко му. Неговиот лимен барабан и врисокот кој го крши секое стакло го симболизираат револтот спрема системот и пасивниот однос на луѓето од неговото опкружување за време на ужасот што се проширува во Германија со развојот на националсоцијализмот и неговите идеи и следбеници. Една од најдобрите сцени во филмот е кога Оскар се сокрива под масата за време на една нацистичка парада и од под масата удира во својот барабан, наведувајќи го оркестарот да свири валцер, а не германската химна.
По смртта на мајка му, Оскар се вљубува во неговата дадилка и го има своето прво сексуално искуство, во исто време кога таа е во љубовна врска со татко му. Дадилката останува бремена и Оскар е убеден дека синот кој ќе го роди е негов.
Првите куршуми на Втората светска



војна во Данциг се испукани во знак на отпор на полските граѓани, при што загинува Полјакот Јан, со којшто Оскар бил приврзан. Набргу потоа Оскар се придржува на една екипа на џуџиња кои со своите уметнички точки ги забавуваат германските војници кои се движат кон Париз. Таму тој се вљубува во една жена-џуџе, но таа загинува при повлекувањето на германската војска пред нападот на сојузниците. Оскар се враќа во родниот град кога тој бил освоен од Црвената армија, но притоа во борбите меѓу германските војници и сојузниците загинува татко му. За време на закопот на татко му Оскар се здобива со тешка повреда на главата, веднаш по неговата одлука дека сака нов живот, овојпат сака да порасне. Растењето вклучува време, промена и трансформација, така што бара одредена жртва, едно жртвување т.е. ослободување од минатото и сегашноста, со цел вклучување во дадена општествена улога во иднината што ја носи созревањето. Последните зборови на Оскар, при завршувањето на војната, за време на закопот на неговиот татко се : „Треба ли јас или не треба? Треба, морам. Јас мора да пораснам".



„Лимениот барабан" значи е и приказна за растењето, како на Оскар, така и на Германија. На крајот на филмот, Оскар, заедно со германското население го напушта Данциг.

Најголемото постигнување на Волтер Шолондорф во овој филм е тоа што успева да ги прикаже фантастичните елементи на приказната со користење на многу базични, едноставни ефекти, како на пример кршењето на стаклата со врисокот на Оскар. Тоа што го прави филмот посебен е повеќе тонот, односно звучниот ефект, отколку графичката презентација.

Филмот изобилува со бизарни сцени, на пример мајката на Оскар станува душевно растроена поради сексот или лудоста на живеењето и почнува да јаде живи риби. Овие бизарни елементи имаат цел луцидно да ја портретираат ерата на безумие и хаос во Германија. „Лимениот барабан" е повеќе поетична отколку фактичка интерпретација на историјата, но која, сепак, успева генијално да ја долови суштината на историскиот моментум.

Иако романот „Лимениот барабан" на Гинтер Грас е премногу тежок за филмска адаптација, сепак режисерот успеал успешно да го пренесе ова книжевно дело на филмското платно. Фантастичните елементи кои провејуваат низ целиот филм на оригинален начин ја пренесуваат реалната приказна за општествените случувања во тоа време. Би можело да се каже дека станува збор за еден вид магичен реализам. Нацизмот се третира како мрачна бајка, доживеана преку очите на детето кое ги гледа работите какви што навистина се. Шондлорф е можеби најмоќниот млад германски режисер кој творел во 1970-тите години и неговиот брилијантен филм е артистично фасцинантен.

Во 1980 година „Лимениот барабан" ги има освоено речиси сите значајни филмски награди, меѓу кои наградите Оскар и Цезар за најдобар странски филм, а една година претходно бил награден и со „Златната палма" на Канскиот филмски фестивал.

Кристина Трајановска



**Режија:** Фолер Шлендорф

**Улоги:** Давид Бенет, Марио Адорф, Катарина Талбах, Даниел Обрискхи и Ангела Винклер

**Жанр:** воена драма

**Сценарио:** Фолер Шлендорф, Жан Клод Кариер, Фарнц Зајц Јуниор

**Продуцент:** Фолкер Шлондорф, Франц Зајц Јуниор, Анатол Думан, Ханс Прешер

**Кинематографија:** Игор Лутер

**Музика:** Морис Жаре

**Монтажа:** Сузан Барон

**Година:** 3 мај 1979

**Јазик:** германски

**Земји:** Западна Германија, Франција, Полска, СФР Југославија, Соединетите Американски Држави

Времетраење: 156 минути

Буџет: 25 милиони германски марки (Западна Германија).



# Крушево – најдобро м

Крушево е град во западниот дел на Република Северна Македонија, во пазувите на Бушева Планина. Тој е градот на некогашната Крушевска Република. Над градот се наоѓа познатиот споменик „Македониум“. Со 1.220 метри надморска височина, Крушево претставува единствениот планински град во Македонија и највисокиот град на Балканот.

Крушево е едно од најпознатите места за параглајдинг во светот. Поволните временски услови, релјевските и географските карактеристики прават да биде и најпосетено место за параглајдинг во светот. Секоја година на оваа локација се одржуваат натпревари од светски карактер, и токму тука во 2016 и во 2019 година се одржаа Европското и Светско првенство во параглајдинг.

Во последните неколку години, како една од позначајните активности е Светскиот куп во параглајдерство. Секоја година, почнувајќи од април, па сè до октомври, градот Крушево е исполнет со професионални и аматерски параглајдеристи и авантуристички туристи.

Заедно со водич има обезбеден превоз до стартот на локалитетот Мечкин Камен, кој се наоѓа на повеќе од 1.400 метри надморска височина, еден од најдобрите светски параглајдинг терени. Причината зошто се смета за едно од најдобрите места за овие спортови е неговиот пристапен и безбеден терен, надополнет со фактот што точките за слетување се во близина на патиштата кои водат до Крушево, светска дестинација за овој вид на спортски туризам.

По кратката обука за летање, следува полетувањето. Летот и видикот кој се нудат се неповторливо искуство, зачинето со мирисот на борова шума и мајчина душица. Тандем-летот со параглајдер трае околу 30 минути. Ова претставува незаборавна параглајдинг авантура над покривот на комитско Крушево, каде се ужива во пејзажот над крушевските природни убавини, со поглед врз Мечкин Камен, локалитетот Слива, Крушевскиот Орман и Крушевското Езеро.

После 30-минутно летање, точките за слетување се наоѓаат во близина на патиштата кои водат до Крушево. По слетувањето има организиран превоз до однапред договорена локација.

Подарете си себеси или на вашите блиски едно доживување во кое ќе можете да го имате светот на дланка, да се впуштите во авантура и да уживате во летањето.

Кристина Илиевска



# место за параглајдинг








